магазин за

# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 60 страници

Година 2 Број 2

Април 23 г.

Цена 10 ден.



## МЕЃАИНТЕРВЈУ

## МАРЈАН ЃОРЧЕВ

Поранешен амбасадор
и министер

***„Се радувам кога гледам дека некои од моите долгогодишни истомисленици, соработници и пријатели чекорат по патот на успехот!***

НАСТАН

Универзитетот Скопје ја собра елитата на промоцијата на документарниот филм „Патот на Кобра до ѕвездите“

КОЛУМНА

Проф. д-р Сретен МИЛАДИНОСКИ
Каде одиш наша Македонијо?

КОМПАРАЦИЈА

**Ќе се укине ли поместувањето на стрелките на часовникот?**

ISSN 2671-3934

5 318000 033115

www.magazinturizam.mk





## ИМПРЕСУМ

Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА** 3



МЕГАИНТЕРВЈУ: Марјан ЃОРЧЕВ **поранешен амбасадор и министер** 4



НАСТАН: **Универзитетот Скопје ја собра елитата во Скопје** 12



КОЛУМНА: **Проф. д-р Сретен МИЛАДИНОСКИ,** универзитетски професор 20



ТЕМА: **Замрзнувањето на цените - популизам или реална помош?** 22



МОЈА ОПШТИНА: **Дејан ВЛАДЕВ,** градоначалник на Општина Свети Николе 30



РЕПОРТАЖА: **Велик ден - денот на Христовото воскресение** 34



ДУРБИН: **Кратки вести од светот** 38



АВИОБИЗНИС: **Патувања за Великденските празници** 42



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Јован ДОНЕВ,** поранешен амбасадор на Македонија во Велика Британија и универзитетски професор 48



КОМПАРАЦИЈА: **Временските зони на штета на бизнисот** 52



## Драги студенти, колеги, членови на Советодавните одбори, соработници, мој македонски народе!

**Денес нека се веселат небесата и нека се радува Земјата зашто нашиот Христос воскресна од мртвите, со смрт смртта ја победи и на оние во гробовите живот им подари.**

**Ви го честитам овој животворен ден, ден во срцето на христијанскиот живот и нашата надеж.**

**Христос Воскресна! Христос Воскресна! Христос Воскресна!**
**Навистина Воскресна!**

**АМИН!**

УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ
- 2006 -

**Ректор**
**проф. д-р Аце Миленковски**



М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА

# БИЛЕТ ВО ЕДЕН ПРАВЕЦ

*Секој трет млад човек сака да се исели од државата. Незадоволни од системот во кој живеат, од високата корупција, од недоволно вреднуваниот труд тие сакаат да го напуштаат родното огниште.*

*Најзагрижувачки е што си заминуваат младите високообразовани кадри оставајќи ја земјава без развојни перспективи. Додека партиите се надмудруваат кој е во право, одливот на мозоци од година во година расте.*

*На прсти се бројат младите што сакаат да останат во земјава. Каде „затаи“ системот? Каде потфрли државниот апарат? Зошто ретко кој млад човек својата иднина ја гледа во Македонија?*

*Кого и да прашате какви се македонските работници на работа во странство, ќе добиете најдобри препораки за нивните перформанси. Па зошто тогаш македонските компании се жалат дека не можат да најдат квалитетен и квалификуван кадар меѓу илјадниците невработени лица во земјава кои активно бараат работа? Дали луѓето намерно „си ги кријат вештините“ поради ниските плати за да не бидат „натоварени“ со дополнителни обврски или, пак, навистина немаат вештини и знаења?*

*Потребно е власта да се освести и да преземе мерки за да ја спречи белата чума, во спротивно ќе останеме без младите кои се иднината на секоја држава.*

# МЕГАИНТЕРВЈУ

# МАРЈАНЃОРЧЕВ

## Поранешен амбасадор и министер



# ЃОРЧЕВ: СЕ РАДУВАМ КОГА ГЛЕДАМ ДЕКА НЕКОИ ОД МОИТЕ ДОЛГОГОДИШНИ ИСТОМИСЛЕНИЦИ, СОРАБОТНИЦИ И ПРИЈАТЕЛИ ЧЕКОРАТ ПО ПАТОТ НА УСПЕХОТ!

**Амбасадор, министер, политичар, одличен познавач на состојбите во Македонија и во регионот. Марјан Ѓорчев пред две години се врати во ВМРО-ДПМНЕ како стратешки партнер на лидерот Мицкоски и советник на Извршниот комитет. Во интервју за „Магазинот за туризам и менаџмент", Ѓорчев зборува за актуелните политики, иднината на Македонија и за тоа како Македонија да го развие верскиот туризам.**

**Господине Ѓорчев како поранешен амбасадор, политичар и познавач на состојбите дома, како ја оценувате моменталната власт во Македонија и неуспехот што го доживува државата на секое поле – дипломатско, национално, економско?**

Политичкото насилие на „Шарената револуција" во 2015 и во 2016 година го наруши демократскиот ред и поредок во државата. За волја на вистината, елитизмот, непотизмот и клиентелизмот на државното раководство во периодот 2009 – 2014 година, создаде поволен амбиент за дејствување на агентурските артерии од странски разузнавачки служби, потпомогнати од добро платените македонски приврзаници на глобализмот (т.н. „соросоиди"). Тоа резултираше со манифестација на синдромите „Викиликс и Сноуден" во нашата држава и со разградување на безбедносниот систем. Новоизбраното политичко раководство за период од шест години, од своето доаѓање на власт на 31 мај 2017 година до денес, успеа со неодговорна, непринципиелна, несиметрична и ад хок политика на меѓународен план, да ја обезличи македонската држава и



Марјан Ѓорчев, поранешен амбасадор и министер.

да ги проблематизира сите национални државнички атрибути – име, национален идентитет и јазик. Двата билатерални договора со Р. Бугарија и со Р. Грција во 2017 и во 2018 година беа потпишани без широка општествена дебата и консултација со македонскиот народ, а неуспешниот Референдум за промена на уставното име на државата, одржан на 30 септември 2018 година, беше прикажан како консултативен, иако во македонскиот устав е таксативно набележано дека позитивно референдумско изјаснување на македонските граѓани за основните државнички атрибути е задолжително! Сиот овој македонски дебакл на меѓународен план, заедно со економскиот и со енергетски колапс, како и со порастот на социјалната исклучивост на македонските граѓани (над 30 отсто), ја подведуваат македонската држава во редот на економски слабо развиени држави, со низок степен на демократија, висок степен на криминал и корупција, негативна стапка на природен раст и депопулација, ниска политичка култура и ерозија на социјалниот капитал.

**Она што е најактуелно е дека ВМРО-ДПМНЕ се изјасни дека нема да учествува во работната група за уставни промени. Но, покрај вашата партија, и други партии нема да учествуваат во оваа група. Има ли легитимитет ова тело ако се знае дека нема поддршка во Собранието ни да се отвори Уставот, а камоли да се прејде на измени?**

Во Уставот на Р. Македонија е точно предвидено како се пристапува кон изготвување на амандмани за негова промена. Комисијата за уставни прашања во македонското Собрание поднесува предлог за изгласување на потребата од промена на Уставот и на пленарна седница пратениците со двотретинско мнозинство решаваат дали се прифаќа или се одбива предлогот за изготвување на уставни амандмани. Актуелната владина коалиција којашто немаше спроведено консултации со македонската опозиција и без обезбедено двотретинско мнозинство, неодговорно и недопуштено се одлучи да го прифати Францускиот предлог за промена на македонскиот Устав, со впишување на македонските граѓани со бугарска самосвест во преамбулата на Уставот. Оттука, ставот на ВМРО-ДПМНЕ и на другите опозициони партии во Собранието, за неучествување

во „измислени“, задоцнети и непотребни работни групи од страна на коалицијата СДСМ-ДУИ е принципиелен, а повикувањето на одговорност за владејачката политичка номенклатура поради „бегање“ од предвремени избори и кочење на нашиот европски пат, е со целосен легитимитет.

**ВМРО-ДПМНЕ изненади со тоа што се изјасни дека прифаќа уставни измени по хрватски модел, но власта како да ретерира и сега вели дека треба да се најде модел кој одговара на политичката слика во Македонија. Имате ли впечаток дека албанските партии, но и СДСМ, сакаат од хрватскиот Устав да го земат она што им одговара, а тоа е набројувањето на сите малцинства во Уставот, додека делот дека хрватскиот народ, во нашиот случај македонскиот е носител на државноста сакаат да го игнорираат?**

Од мој агол на гледање, асномскиот концепт на македонскиот устав како и Уставот на СРМ од 1974 година, се идентични со преамбулата на Хрватскиот устав. Јас лично, го подржувам тој уставотворен концепт. Меѓутоа, неучествувањето на Албанците во изгласувањето на  Уставот во 1992 година, како и разликите помеѓу политичките партии во определбата за национален или граѓански Устав, на конзистентен начин го проблематизираа националниот карактер на првиот Устав на независна и суверена Р. Македонија. Подоцна, осумнаесетте амандмани на Уставот во 2001 година (последица од Рамковниот договор), како и „касапењето“ на Преамбулата на Уставот со инкорпорирање на четирите амандмани од Преспанскиот договор во 2018 година, ја потенцираа „хибридноста“ на поимната и толковна димензија на Уставот. Во таа смисла, натамошните интервенции во Преамбулата на Уставот, без вистинска општествена дебата каков Устав им е потребен на македонските граѓани, ќе внесат нови недоумении и празен простор за нови глобалистички, национал-шовинистички и популистички уставни интерпретации внатре во државата, но и надвор од неа.

**Сметате ли дека дури и да се донесат уставните промени, тоа нема да биде последно барање на Бугарија? Амбасадорот на Франција во Бугарија веќе најавува дека покрај Уставот, Македонија ќе мора да ги промени и учебниците?**

Кој добро ја простудирал Францускaта преговарачка рамка е сосема на чисто дека клучен проблем не е впишувањето на бугарската малцинска заедница во Преамбулата на Уставот. Вистински проблем е обврската на македонската влада во Преговарачката рамка да потпишува едногодишни протоколи со Р. Бугарија, со што се обврзува на политичка интерпретација на категоријата „заедничка историја“, туторство од бугарска страна за нашиот образовен процес и учебните помагала, заеднички чествувања на историски ликови, настани и востанија, кои никако не може да се подведат под поимот „заедништво“. Како може Илинденското востание да е заедничко?! Или како може Гоце Делчев да се чествува заеднички?! Во ред е секоја држава да си ги слави историските ликови и настани според својот историски наратив. И толку! Да не зборуваме за несиметријата при толкување на категоријата „мешање во внатрешните работи“ на едната или другата држава. Р. Македонија е во апсолутно подредена ситуација и не смее ниту да праша, а  не да се бори за правата на бугарските граѓани со македонска самосвест! Од друга страна, Р. Бугарија ги има сите права да отвара здруженија, клубови, политички партии и да ги финансира истите со државни пари?! Истата несиметрија суштествува и при отворање на архивите за злоделата во време на социјалистичкиот период во двете држави. Од Р. Македонија постојано ќе се бара да го објави злоставувањето на Бугарите во Македонија, а Р. Бугарија

*Во туризмот немаме успех бидејќи не се вклучени во изработката на стратегијата за македонскиот туризам личности како што е ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски, кој не само што е експерт по тоа прашање, туку има одлична репутација и конекција со челните луѓе на Светската туристичка организација со седиште во Мадрид. Во тој контекст, неговата визија за верскиот туризам, како едно од најатрактивните полиња за македонска туристичка афирмација, може да биде една од клучните алки во градењето на нашиот туристички синџир.*



и понатаму ќе продолжи да ги крие злоделата во период 1958 – 1989 година кон Македонците во Бугарија. За говорот на омраза нема потреба ниту да се спомене. Ние, Македонците ќе мора да внимаваме и на мравка да не згазнеме кога е во прашање дури и самиот поим Бугарин. А Бугарите...?! Да не се залажуваме, внесувањето на Бугарите во Уставот е само врвот на ледениот брег што се заканува со историски ревизионизам и бришење на колективната меморија на Македонците, со цел за нивно превоспитување по бугарска матрица!

**Бевте амбасадор во Бугарија и добро ги знаете случувањата таму. Што ќе се случува таму, ќе се избере ли нова Влада и што ќе се промени во односите со Македонија? Се чини дека нема голема разлика кој е на власт во Софија и дека политиката кон нашата земја е државна политика која не зависи многу од тоа кој е моментално на власт.**

Односот на Р. Бугарија кон т.н. „македонско прашање" е фундиран веднаш по обединувањето на Кнежеството Бугарија со Источна Румелија (Тракија) во 1885 година. Од 1886 година до денес, бугарската политика кон Македонија како историско-географски регион, држава, нација и јазик е непроменет. Јас сум длабоко разочаран од фактот дека и оваа генерација бугарски политичари, интелектуалци, академици, но и севкупното јавно мнение, немаат сила во блиска иднина да го променат својот стереотип за Македонија како „втора бугарска држава" и за Македонците како „вештачка нација што е продукт на Коминтерната". Морам да споменам дека во Р. Бугарија има и вистински пријатели на Македонија и на Македонците! За жал, сѐ уште се во малцински број, иако јас верувам дека тој постепено, но сигурно ќе расте! Имам право барем да се надевам на тоа!

**Дали најпрво со Договорот за добрососедство, а потоа и со Францускиот предлог, Македонија во Бугарија доби втора Грција, со што нема ни да ги започне, а камоли да влезе во ЕУ додека во целост не ги исполни сите барања на Софија?**

Патот на Р. Македонија кон ЕУ не е ниту преку Софија, ниту преку Атина. Тоа беше наша колективна заблуда. Ниту Грција, ниту Бугарија се нашите локомотиви што ќе го влечат нашиот македонски воз кон Брисел. Нам ни е

потребна македонска локомотива, ама за тоа треба прво да изградиме современа европска железничка пруга! Кога така ќе им кажеме на европските челници во Брисел, конечно ќе се ослободиме од догмата на зависност од нашите соседи. Европскиот пат е само наша домашна задача. Се разбира, доколку македонските граѓани и понатаму тоа го посакуваат!

**Вие сте и поранешен министер за земјоделство. Како ги оценувате состојбите во овој сектор, кој е многу потценет, а сепак еден од најважните сектори за една земја. Сведоци сме низ годините station наназад дека има намалување на земјоделското производство во секое можно поле и зголемување на увозот на храна?**

Знаете, има една стара македонска изрека: „Во Македонија ќе ти простат за сѐ, но успехот никогаш нема да ти го простат"! Ако си обичен, тих, скромен човек, а не си чаламџија, фалбаџија, бабаит-јунак на зборови, ретко некој ќе те забележи или ќе те вреднува на вистинскиот начин. Така како што треба, според заслугите! Е па јас сум од тие што никогаш не удирав на таламбаси дека во преговорите со ЕУ што траат веќе 22 години, само нашиот Агро-код е дел од европскиот Агро-код, и тоа уште од мај 2004 година! Тогаш сите земји-членки на Унијата за период од две години го ратификуваа тоа што го постигнавме во периодот 1999 – 2002 година. На што се должеше тој успех. Пред сѐ, на тимска работа, на поддршката од Брисел и почитувањето на европските стандарди. Не баравме привилегии ниту прифаќавме статус на аутсајдери. Си ја завршивме домашната задача токму така како што требаше и сите македонски свежи, замрзнати, дехидрирани и конзервирани производи, освен квотните режими за вино, сирење и риба, се извезуваат веќе 19 години слободно во ЕУ, без царина и контингенти, со само 1 отсто царинска евидентна такса. Ги воведовме субвенциите на голема врата во македонскиот агрокомплекс. Зошто никој за тоа не зборува, мене ми е совршено јасно. Исто како што ми е совршено јасно зошто никој не ме поканил за дискусија како да го искористиме тој огромен потенцијал што го има нашето земјоделство. За тоа, во некој друг разговор може да зборуваме со часови.

**Земјава уназадува и на економски план. Нови инвестиции нема, ниту промени како да се привлечат странски гости. Потребна ли е стратегија за туризмот и што мислите за верски туризам?**

Од почетокот на деведесеттите години, странските директни инвестиции се основниот замаец за економскиот раст на сите суверени економии. Р. Македонија во едицијата  на Светска банка „Doing business" за 2015 година беше рангирана на деветто место по условите за бизнис и за претприемништво. Главно тоа се должеше на условите за инвестиции во технолошко-индустриските зони. Над седумдесет отсто од денешниот наш извоз се реализира во тие зони. Меѓутоа, во туризмот немаме таков успех. Тоа се должи, меѓу другото, што не се вклучени во изработката на стратегијата за македонскиот туризам личности како што е ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски, кој не само што е експерт по тоа прашање, туку има одлична репутација и конекција со челните луѓе на Светската туристичка организација со седиште во Мадрид. Во тој контекст, неговата визија за верскиот туризам, како едно од најатрактивните полиња за македонска туристичка афирмација, може да биде една од клучните алки во градењето на нашиот туристички синџир!

**Пред две години се вративте во ВМРО-ДПМНЕ како стратешки партнер на лидерот Мицкоски и советник на ИК. Која беше целта и колку успеавте да влијаете за позитивни промени?**

За секоја работа во животот има време и

место. Едноставно, по толку години поминати како член на ВМРО-ДПМНЕ, природно беше сиот тој минат труд, мисла, збор, опит и практика да бидат функционално искористен како совет, тогаш кога има потреба за тоа. Ме радува што актуелното раководство на Партијата, пред сè, претседателот на Партијата, проф. д-р Христијан Мицковски, тоа го препозна како можност за соработка, особено во услови кога јас немам никаква друга цел освен да помогнам толку колку што умеам и знам. Знаете, голема работа е кога не се оптоварувате со никакви лични амбиции, а сте посветени на успехот на една идеја, за која верувате дека е вистинската надеж, можност и перспектива за Македонија. Впрочем, тоа е долг и кон моите деца, затоа што тие живеат и работат во мојата татковина.

**Во ВМРО-ДПМНЕ сте практично од самото формирање и добро ги знаете случувањата. Бевте најсериозен кандидат за претседател на партијата кога Љубчо Георгиевски се повлече. Сметате ли дека ако бевте избран, ќе беа поинакви работите и во партијата и во државата?**

Никогаш не се оптоварувам со тоа прашање. Јас сум по природа фаталист, верувам во судбината. Така требало да биде. Горд сум на поддршката на голем број луѓе од Партијата, со коишто и денес контактирам. Истовремено, имам и огромно чувство на одговорност кон тие луѓе, затоа што застанувајќи зад мене, тие си ги загрозија своите политички, но и професионални кариери. Знаете, политиката е немилосрдна. Ретки се тие луѓе што излегуваат од политиката како обични луѓе кои ја преживеале „пластичната операција именувана како политичка власт", кои живеат едноставен, секојдневен живот и не ги заборавааат своите пријатели. Се радувам кога гледам дека некои од моите долгогодишни истомисленици, соработници и пријатели, чекорат по патот на успехот. Тогаш се чувствувам навистина горд. Како да сум и јас дел од тој успех!

**И за крај, да Ве прашаме, останува ли време за вашата голема љубов. Знаете ли да одиграте некоја партија шах?**

Компјутерите нè оддалечија од шаховската оригиналност. Компјутерските шаховски програми имаат готови софтверски решенија за отворањето, средишницата, завршницата. Се е однапред познато, нема веќе човечка креативност. Единствено дружбата со легендата на македонскиот шах, велемајсторот Трајче Недев, и посетата на неговата шаховска школа во Неготино, ми претставуваат натприродна и единствена врска со шаховската игра.


Ѓорчев со светскиот шаховски шампион, Анатолиј Карпов.

THEMIS
World Tourism Organization

UNWTO

The World Tourism Organization (UNWTO),
through its UNWTO.Themis Foundation

certifies that

## University of Tourism and Management Skopje

has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Higher Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This Diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

*Valid for* ***three years, until March 2019***

Issued in Andorra la Vella, March 2016

tedQual
UNWTO.THEMIS

Taleb Rifai
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO.Themis Foundation

---

UNWTO
ACADEMY

The UNWTO certifies that:

## University of Tourism and Management in Skopje

Has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

***Valid for three years, until 15th November 2024***

Andorra la Vella, November 2021

Zurab Pololikashvili
Secretary-General
World Tourism Organization

UNWTO
CERTIFIED
tedQual

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO Academy

# УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ ЈА СОБРА ЕЛИТАТА НА ПРОМОЦИЈАТА НА ДОКУМЕНТАРНИОТ ФИЛМ „ПАТОТ НА КОБРА ДО ЅВЕЗДИТЕ“



Ретко кој фудбалер  доживеал таква чест како најдобриот македонски фудбалер на сите времиња, Дарко Панчев. Документарниот филм „Патот на Кобра до ѕвездите“, под генерално покровителство на  Универзитетот Скопје, ќе остане како документ дека Македонија има спортисти со кои може да се гордее и да биде пример за идните генерации.

На спектакуларен настан организиран од Универзитетот Скопје, најдобрите фудбалери од регионот, гости од политичкиот и од јавниот живот, новинари, дојдоа на промоцијата на документарецот што го прикажа живото на Дарко од почетоците на игралиштето во училиштето „Кирил Пејчиновиќ“, кога не ни сонувал дека еден ден ќе стигне до европските височини.



Фудбалската елита на промоција на документарниот филм „Патот на Кобра до ѕвездите“.





## ПИКСИ, ДИКА, БИНА, ИЛИЈА, МАРОВИЌ, ДЕЈО, БИНИЌ СЕ СОБРАА ЗА ДАРКО

Промоцијата на документарниот филм „Патот на Кобра до ѕвездите“ беше повод во Скопје да се собере славната генерација од 91-вата, која стана европски филм. Стеван Стојановиќ, Дејан Савичевиќ, Драган Стојковиќ - Пикси, Слободан Маровиќ, Илија Најдоски и Драгиша Биниќ му направија чест на Дарко и беа дел од филмот кој сега го виде само публиката во Скопје, а од есен на „Спорт клуб“ ќе може да се види и во целиот регион.

„Идејата на Универзитетот Скопје да даде поддршка за реализацијата на документарниот филм за Панчев е да се знае дека нашата татковина има големи ѕвезди, мајстори, големи живи легенди во спортот“, кажа во својот инспиративен говор ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски пред почетокот на промоцијата на филмот.

**„Тоа што ме одликува мене, е да имам инспирација за долги говори, но овој пат ќе бидам многу краток. Јас морам да ви кажам дека вашето присуство овде ме направи да бидам многу среќен и горд. Вие со вашето присуство ги надминавте секое мое и наше очекување. Претпоставуваме дека ќе имаме околу 400 гости, а има над 600 или 700 гости. Ви благодарам на сите што успеавте да одвоите време, да сте тука со нас. Многу прашања ми беа упатени во изминатите денови: зошто, што имаш ти, од каде токму твојот Универзитет даде поддршка? Заради тоа и затоа што треба да се потсетат постарите генерации од мене, да се потсетат и оние кои се од мојата генерација, како навивавме за нашиот Вардар на Градскиот стадион во Скопје, за оние што денеска се занимаваат со овој спорт, за оние што следат како генерации, за оние што се помали, да запаметат. Да знаат дека нашата татковина**



Обраќање на проф. д-р Аце Миленковски, ректор на Универзитет Скопје.



**има големи ѕвезди, големи легенди, има мајстори во спортот, има не само мајстори туку и живи легенди. Ја направивте оваа вечер уште поголема и уште повелика. И на почетокот, и на крајот – зошто? За татковината, зашто татковината се сака, се љуби и за неа, ако треба, се гине. Нашиот Дарко Панчев го остави своето срце на фудбалските терени во Скопје, во тогашната Југославија, во европскиот свет. И на крајот и на почетокот: Дарко, за тебе, затоа што потекнуваш од улица Пушкинова. Јас само сакам да ви оддадам огромна почит и да ви се поклонам, и оваа вечер ја направивте најголема“**, изјави на промоцијата на документарниот филм ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски.

## КАКВИ БЕА ПОЧЕТОЦИТЕ НА ДАРКО

Само по неколку тренинзи во младинските категории на Вардар, на тренерите им било доволно да видат каков бисер имаат. Гол, гол и само гол било во мислите на малиот Дарко. Тој уште оттогаш ја сфати суштината на фудбалот, дека се игра само за голови. Доволен е еден потег и погодок да се реши натпреварот. Напредокот на Панчев во Вардар одеше со голема брзина и со неполни 17 години дебитираше за првиот тим на тогашниот зимски турнир. Доверба на младото момче му ја даде тренерот Вукашин Вишњевац, а тој во сезоната 1983/84 стана најмлад европски стрелец во првенството со 19 голови. Круна на неколкугодишното играње за црвено-црниот дрес беше освојувањето на шампионската титула во поранешна Југославија во сезоната 1986/87 година. Таа сезона навестуваше дека тимот предводен од Панчев има сили за нешто големо и затоа на секој натпревар „Градски“ беше преполн. Немаше кој не го знае составот на Вардар на чело со Дарко Панчев, неговата десна рака Рингов, Тони Савески, Ципунов, Канатларовски, Најдоски, Коки Аврамовски, Грошев, Чеде Јаневски...

Подоцна, таа титула по судски пат му беше одземена на Вардар и му беше доделена на Партизан, но во табелите на УЕФА Вардар остана шампион на Југославија за таа година, па затоа настапи во Купот на шампионите против тогашниот европски шампион Порто.

## ПРЕМИНОТ ВО „ЅВЕЗДА“ – ВИСТИНСКИ ПОГОДОК

По освојувањето на титулата, пораснаа апетитите на Панчев, на кој му требаше поголем предизвик, па по отслужувањето на воениот рок во спортската чета на ЈНА, премина во Црвена ѕвезда. Ѕвезда, за која никогаш не криеше дека отсекогаш навивал иако Вардар му остана најголема љубов. Нова средина, нов град, но Дарко и во Белград стана омилен кај навивачите и се наметна со тоа што најдобро го знае – а тоа се головите. Иако Црвена ѕвезда веќе имаше добри играчи, им требаше играч од типот на Дарко, кој со еден потег ќе го реши мечот. Генерацијата која ги освои Европа и светот полека се создаваше. Најпрвин со Велибор Васовиќ, потоа со Драгослав Шекуларац за врвот да го доживее под водство на Љупко Петровиќ. Дарко и Дејан Савичевиќ се приклучија на пеколниот напад на црвено-белите во кој веќе беа Мркела, Драган Стојковиќ Пикси и Роберт Просинечки.

Клучна за оваа генерација на европски план беше сезоната 1990/91, која заврши со европска титула. Но, патот до таму не беше воопшто лесен. Нерешениот резултат во Белград против Грасхоперс влијаеше отрезнувачки и во реваншот извојува убедлива победа. Лесно беше поминат и Глазгов ренџерс, по што во четртфиналето се сретна со првакот на тогашната Источна Германија, Динамо Дрезден, кој беше збришан со две победи со по 3-0.

Но, за да се дојде до тронот, мора да се елиминира и некој европски великан, а во случајот на Црвена ѕвезда, тоа беше Баерн Минхен. Двомечот почна со победа од 1-2 на Олимпискиот стадион со головите на Панчев и на Савичевиќ. Требаше само рутински да се одработи реваншот во Белград, но Господ веројатно имал други планови кои не се исполнија докрај. При резултат 1-1 голманот Стојановиќ направи голема грешка и топката се истркала во голот за 1-2, идентичен резултат како на првиот меч. И кога сите очекуваа продолженија на една нафрлена топка од Михајловиќ, ја одби Аугенталер и таа заврши во мрежата на Баерн. Оние што се сеќаваат, знаат каква радост беше тоа за Дарко и за другарите. Во финалето на Купот на шампионите, Црвена ѕвезда се сретна со Олимпик.Тимот од Марсеј во тоа време беше она што е денеска Парис Сен Жермен, собир на најголемите тогашни ѕвезди како Крис Водл, Жан Пјер Папен, Аморос, Абеди Пеле и големиот пријател на Дарко, Драган Стојковиќ-Пикси.

Газда на Марсеј беше контроверзниот Бернард Тапи, а дел од стручниот штаб – Франц Бекенбауер. Тој 29 мај 1991 година е еден вид празник за сите навивачи на Црвена ѕвезда. Тој ден беше освоена европската титула во Бари на стадионот Св.

Панчев во дресот на Вардар и Црвена ѕвезда.



Никола. Мечот по 120 минути заврши без голови, по што се прејде на изведување на пеналите. Клучни во пенал-серијата беа Стеван Стојановиќ, кој одбрани пенал и секако Дарко Панчев, кој го совлада Олемета во решавачкиот пенал. Како што обично се случуваше, повторно нашиот Дарко беше човекот на одлука. Ѕвезда беше на врвот на Европа заедно со Панчев, кој таа сезона освои уште една титула, „Златна копачка" на Европа, која му беше доделена дури 15 години подоцна.

Неполна година подоцна, следеше уште еден предизвик, а тоа беше мечот во тогашниот Интерконтинентален куп, кој тогаш се играше во Токио. Во финалето Црвена ѕвезда играше против Коло-Коло од Чиле и победи со 3-0. Не треба да напоменуваме дека Панчев беше стрелец на еден од головите. Дарко, заедно со Илија Најдоски, покрај европски, стана и светски шампион.

Иако сите очекуваа дека Дарко по тој успех ќе си замине од Белград, тој остана во клубот во обид да освои уште една титула. Но, војната во поранешна Југославија веќе беше почната и поради санкциите, Ѕвезда беше принудена  своите мечеви на домашен терен да ги игра во Софија и во Будимпешта. Сепак, и во такви, услови малку фалеше да се дојде до ново финале во тогаш реформираниот Куп на шампиони, кој се играше во групи, но сè уште не прилегаше на денешната Лига на шампиони. Од таа сезона ќе остане во спомен мечот со Панатанаикос во Атина, кога Грците одбиваа да го пуштат да влезе бидејќи во картонот при влез во земјата напиша дека е Македонец. Дарко им врати на најсладок начин – со два гола во мрежата.

## „ИНТЕР" – НАЈГОЛЕМО ПРОМАШУВАЊЕ

По завршувањето на таа сезона, Панчев имаше понуди од сите големи европски тимови, но тој ја одбра се чини најпогрешната, а тоа е Интер. Тимот од Милано во тоа време негуваше дефанзивен фудбал, кој никако не му одговараше на Дарко, а згора на тоа ретко добиваше шанса од тренерот Бањоли.

Тоа е единствениот неуспех во кариерата на Панчев, кој играше за Интер и за неколку клубови во Германија и во Швајцарија, по што во 1997 година реши да ја заврши кариерата. Но, Дарко остана блиску до фудбалот и се обиде да стане претседател на Фудбалската федерација, но во тоа не успеа. Но, она што не му успеа со ФФМ, му успеа со Вардар, кој дојде до шампионската титула и пласман во групната фаза во Лигата на Европа кога тој беше на неговото чело.

**Интер - најголемото промашување на Панчев.**
*Извор: serpentsofmadonnina.com*





Златната копачка во рацете на Панчев.
*Извор: mondo.rs*

## ИСПРАВЕНА НЕПРАВДА

Дарко Панчев во кариерата има доживеано две неправди, кои немаат врска со спортот, туку со политиката. Првата се случи кога не му беше доделена „Златната копачка" за најдобар стрелец на Европа, а причина за втората беа санкциите на Обединетите нации кон Југославија, поради што репрезентацијата беше вратена од Европското првенство во Шведска во 1992 година, и на нејзино место дојде Данска. За да биде иронијата поголема, Данска таа година стана европски првак, иако Југославија предводена од Панчев го имаше можеби најсилниот тим во Европа. Сепак, една неправда беше исправена во 2006 година. Тогаш во Скопје дојде славниот Мишел Платини и му ја даде „Златната копачка" на Дарко. Најголема заслуга има неговиот пријател Драган Стојковиќ. Пикси на промоцијата на документарецот се пошегува дека поради ова заслужува секој пат кога ќе дојде во Скопје, Дарко да го части ручек.

## РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Дарко ја имаше таа чест да игра за две репрезентации – за поранешна Југославија и за Македонија. Со репрезентацијата на Југославија играше на Светското првенство во Италија во 1990 година, а со Македонија беше дел од првиот меч против Словенија во Крањ, како и на првиот квалификациски меч за ЕУРО 96 против Данска во Скопје, кога заработи црвен картон.



Панчев во дресот на Југославија.
*Извор: shopsale.onlines2023.ru*



Панчев во дресот на македонската репрезентација.
*Извор: Macedonian Australian Pride*

На крајот од успешната промоција на документарниот филм „Патот на Кобра до ѕвездите", Панчев им се заблагодари на сите што учествуваа во креирањето на филмот и кажа дека овој филмски документ ќе остане во историјата како потсетување за младите генерации дека можат да успеат и од Македонија.

**„Оваа идеја потекна пред две години, јас ја прифатив на мое задоволство, и навистина изразувам голема благодарност до целата оваа екипа што ја реализираше, огромна благодарност до сите актери, како од Македонија, така и надвор од Македонија во креирањето на овој проект. Некои момци што беа гости во филмот, не можеа да дојдат од оправдани причини, но јас уште еднаш сакам да им се заблагодарам на сите денешни гости, од сите сфери на нашиот живот, посебно на моите колеги како од Вардар, така и од Црвена ѕвезда, кои денеска нè удостоија да бидат гости во Македонија, и можам само да кажам дека ми било задоволство да играм со вакви големи играчи, креирајќи ја мојата кариера заедно со нивните мајстории. Така што, драго ми е што овој филм ќе остане во историјата на нашата кинематографија како потсетување за младите генерации дека може да се успее и одовде"**, изјави Панчев.

**Благодарност на Дарко Панчев за реализицијата на документарецот.**




UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk

# КОЛУМНА

**Пишува: проф. д-р Сретен Миладиноски, професор на Универзитет Скопје**

# WHERE ARE YOU GOING OUR MACEDONIA?

# КАДЕ ОДИШ, НАША МАКЕДОНИЈО?



Читајќи ги секојдневните новини и случаи и гледајќи ги телевизиските информации, секојдневно се чудиме дали постојат вакви проблеми кои секојдневно ни се јавуваат и се пресликуваат од ден на ден без да се промени или да се реши проблемот со соодветна акција на надлежните и одговорни субјекти (да не речам институции, зашто е голем збор тоа) и за настанатиот проблем. Овие денови гледаме телевизиски извештаи за Судан и ред други „афрички" земји. Иако не сакам да верувам, во мислите ми се појавува една реалност дека во компарацијата која човек може да ја направи барем со неразвиениот африкански регион или држави, овие земји предничат пред земјата која се бори за влез во Европа (т.е. нашата и мојата татковина). Станува збор за урбанистичкиот хаос кој се јавува кај нас и урбанизацијата на одредени градови кои се лоцирани во овој регион, каде што целиме „на Запад". Гледаме градови со прави улици (за жал, денес со разрушени згради), а кај нас таа флоскула, т.н. урбанизација, се мистифицира како нерешлива и се оправдува дури со одредени законски тешкотии за кои како да се надлежни други држави. Овие денови дури странските амбасади и делегации доаѓаат да ни укажат на нашата небрежност и немарност во спроведување на урбанистичката политика.

Насекаде диво изградени објекти, насекаде променети улици поради потреба на некоја градба од урбанистичката мафија. А ние, односно нашите надлежни институции, си гледаат сеир од ваквата „убава слика". Еее, наша Македонијо! Дали не сакаме или имаме друг интерес да се воспоставува вакво урбано криминално секојдневие. Почнувајќи од највисокиот законодавен дом, па сè до извршните органи, заедно со инспекциските служби, имаме немо посматрање на состојба која со генерации ги нарушува просторот, пошироката средина, условите за живеење, како и целокупната безбедност на овој народ. А тој очекува веќе 30 години (може и повеќе) да живее во една средина која преку ноќ може да биде средена само ако се сака и ако се има желба да се постават и да се решат ваквите урбанистички проблеми. До пред само неколку години, убава населба за мирен живот и спокој како идилата на гратчето Пејтон, сега наеднаш солитери од десетина ката каде што (како во телевизиската серија „Верувале или не"), без никаков документ или дозвола, а веројатно со „усна



Проф. д-р Сретен Миладиноски, професор на Универзитет Скопје.

(или премолчана) дозвола" на надлежниот градоначалник или на надлежната служба, изникнува ваква дивоградба, која чекајќи го законот за легализација, смело продолжуваат да си ја остваруваат својата урбанистичка мисија.  Пред неколку дена се огласи градоначалникот на Општина Центар (Скопје – Центар, центар на нашиот главен град) со идеја да се спаси оваа напатена земја од овој урбанистички напаст и никој не сакаше да му возврати или барем да го пофали за идејата на решението за  овој горлив проблем. (Фраер, му благодарам на инцијативата).

Ги прашуваме претставниците на народот во законодавниот дом зошто не сакате да го решите овој проблем? Вие секоја седница поднесувате по некој предлог-закон (да не речам модерно, амандман) за решавање на одредени состојби, ама изгледа само за популизам или за реклама, бидејќи не му навлегувате во суштина на реалниот проблем, а трајните негативни последици за вас не се многу интересни. Зошто по брза постапка на донесете закон каде што секој диво изграден објект или каков било простор ќе биде санкциониран? Санкција, тоа изгледа за вас е само флоскула која ја употребувате, мои драги пратеници, само за да се одржите или за да дојдете на власт, а потоа иста песна продолжувате да пеете како што досега тоа го правеа претставниците на народот во македонскиот Парламент. Зошто не донесете соодветен акт, па дури може да биде и уставна категорија, каде што секоја диво изградена педа ќе биде одземена, национализирана, кривично и материјално санкционирана? Ако ги донесете овие мерки и правила, би ве прашал, дали некој во оваа мала напатена земја ќе се осмели да гради незаконски и да се богати на грбот на сиромашниот народ бидејќи тој нема да е во состојба да гради уште долго време, и тоа регуларно? Ако ги погледнеме вашите предизборни програми, речиси сите го поставивте овој проблем на видна позиција, но никогаш од осамостојувањето до денес не се обидовте да го решите. Па дури и овој закон за кој велите дека е заглавен во собраниските лавиринти, не може да ја реши оваа состојба ако не сакате целосно да му пристапите проблемот, а тоа е – во корен да се сосечат никулците и да ги прифатите трите санкциони елементи: одземање, кривична одговорност и материјално санкционирање. До кога ќе одиш по овој пат, МАКЕДОНИЈО, каде ќе те однесе ваквото работење, Македонијо? Дали те чека Европа или ќе те одмине Африка?

Со почит,

Проф. д-р Сретен Миладиноски

Професор на Универзитет Скопје

П.С.

Македонијо наша, ТУКА сме за тебе, татковино наша!

# ЗАМРЗНАТИ ЦЕНИ – ПОПУЛИЗАМ ИЛИ РЕАЛНА ПОМОШ?

Граѓаните со празни џебови одамна бараа намалување на цените барем на основните производи и покачување на платите. Не го добија ниту првото ниту второто. Рекордно високата инфлација на крајот на 2022 година дополнително ги осиромаши семејствата. Се купуваше сè помалку, затоа што секој производ беше сè поскап. По многубројните апели на населението и на експертите, Владата конечно оваа пролет реши да ги замрзне цените на лебот, млекото, јајцата, тестенините и на хигиенските производи за да им олесни на граѓаните. Тоа, очекувано не помина без огромна помпа и владина пропаганда. Премиерот со министрите речиси секој ден „демек" ги проверуваа супермаркетите и другите трговци. Но, дали ќе дадат резултат овие мерки и дали ќе се намали инфлацијата, останува да се види во следните месеци.




Увозниците го убедија Бектеши да ги замрзне цените на повисоко ниво.
*Извор: Министерство за економија*



## СУБВЕНЦИОНИРАЊЕТО НА СТРУЈАТА НЕ РОДИ ПЛОД

**„Ако сè поскапува, барем основната храна да можеме колку толку да си дозволиме да ја платиме“, ова точно цела година го бараа граѓаните за да можат колку толку да го поминат месецот. Сепак, Владата немаше слух за нивните барања. Се „крстеше“ во пазарната економија и велеше дека цените на глобално ниво растат, дека мора да издржиме и дека постојано работат на нови мерки за помош на најзагрозените. Сепак, за мерките се изначекавме, а кога беа презентирани, помош имаше само за социјалците и за пензионерите, и тоа само ограничено, во времетраење од неколку месеци. Па, се отиде со решение да им се помогне на прехранбените компании, да се субвенционира трошокот за електрична енергија. Фирмите добија пониска цена на струјата, но цените останаа исти до крајот на 2022 година. По малото стагнирање, овој март цените на најосновните производи го достигнаа плафонот. Леб од едно евро, млеко од евро и пол, кромид со рекордно висока цена. Џебовите почнаа да се „тенчат“. Министерството за економија, кое забележа дека трговците „играат мајтап“ со населението и дека производната цена не е ниту приближна до онаа што граѓаните ја плаќаат на каса, со недели правеше анализи. Конечно одлука падна. На стартот на март се замрзна цената на белиот леб на 33 денари и се укина повластената цена на електричната енергија за производителите. Претходно тој чинеше од 45 до 50 денари, и тоа само за 450 грама. „Не смее да се дозволи едни да плаќаат, а други да се богатат“**, велеа надлежните.

Ваквата мерка дојде откако пекарниците се



**И јајцата со замрзната цена.**
*Извор: Министерство за економија*

заканија дека ќе престанат да произведуваат леб и да го носат на пазарот ден откако ќе биде објавена во „Службен весник“ одлуката за замрзнување на цената на лебот. Пекарско-мелничарската индустрија сметаше дека замрзнувањето на цената на 33 денари води кон затворање на компаниите кои веќе имаат загуби. Сепак, Владата успеа да ги „опамети“.

По лебот, се ограничи и цената на млекото и на млечните производи. Претходно вистински луксуз беше да се купи млеко во продавница. Никаде не можеше да се најде литар под 70 денари, а некои млекарници одеа со цени и до 100 денари. Па така, падна одлука од 16 март да се замрзнат цените на млекото за 10% и на тестенините за 15%, и оваа одлука да важи до крајот на мај годинава.

Министерот за економија Бектеши тогаш упати и порака за производителите на млечни производи да не прават притисок до кооперантите за да ги намалат цените на земјоделците, затоа што, како што нагласи, анализите биле направени многу прецизно.

**„Млечните производи биле утврдени со маржа од 10 отсто во големопродажба и 10 отсто во малопродажба, што значи производителите имале простор од 20 отсто за утврдување на цените, да конкурираат меѓу себе и како домашни производители и како увозници, а ние одлучивме половина од тој простор да го намалиме на 10 отсто, што значи да се намалат нивните профити, а не да направат загуби“**, рече Бектеши.

Следеа и други тури. Се ограничи и највисоката, максимална цена на јајцата, хигиенските производи (тоалетната хартија, влажните марамчиња, пелени за деца и возрасни, хигиенски влошки), овошјето и зеленчукот. Од април, максималните цени на лимоните и портокалите се ограничи на 55 денари, кромидот и мандарините до 60 денари, доматот, карфиолот и бананите се продаваат до 70 денари за килограм, краставиците и гравот до 75 денари, зелените пиперки до 90 денари и на леќата, чија максимална цена до 30 април е ограничена до 110 денари за килограм.

Сепак, власта се пишмани многу брзо. Овие замрзнати цени не издржаа ниту една седмица затоа што поскапел увозот. По

консултациите со увозниците на овошје и на зеленчук, беше одлучено да се направи мала корекција на цените на овие производи. Цените на овошјето и на зеленчукот, кои беа наведени во одлуката, сега нема да се продаваат за повеќе од 100 денари.

Надлежните информираа дека нашиот увоз се прави од Турција, Грција, Србија и од Албанија, и според најновите цени во Царинската управа, се ревидираат замрзнатите цени нагоре. Се утврди дека согласно новите пресметки од Царината, дел од увозниците прикажале двојни лажни фактури за да имаат огромен ќар, а министерот ги потсети дека затајување на данок над 10.000 евра е кривично дело и секој што се огрешил ќе одговара. Дополнително, надлежните најавија дека ќе ги објават имињата на оние кои решиле да заработат на грбот на граѓаните и да затајуваат данок.

**Преглед на цени за одредени земјоделски производи (овошје и зеленчук)**

| | Производ | Просечна увозна цена по килограм во период 15-28.03.2023 и пресметана царина | Просечна најзастапена цена до 21.03.2023 доставена од МЗШВ | Симулација на продажна цена по килограм во трговија на мало | | | Предлог на највисока цена по килограм во трговијата на мало |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | со маржа до 20% | со маржа до 30% | со маржа до 40% | |
| 1. | Домати | 40.66 | 138.49 | 48.79 | 52.79 | 56.93 | 70.00 |
| 2. | Краставици | 54.40 | 134.98 | 61.68 | 66.82 | 71.93 | 75.00 |
| 3. | Кромид | 36.41 | 71.28 | 43.69 | 47.33 | 50.97 | 60.00 |
| 4. | Карфиол | 38.76 | 142.86 | 46.52 | 50.39 | 54.27 | 70.00 |
| 5. | Пиперки | 55.43 | 198.89 | 66.51 | 72.06 | 77.60 | 90.00 |
| 6. | Грав | 45.90 | 176.30 | 55.08 | 59.67 | 64.26 | 75.00 |
| 7. | Леќа | 74.83 | 140.50 | 89.80 | 97.28 | 104.77 | 110.00 |
| 8. | Банани | 55.02 | 86.63 | 66.03 | 71.53 | 77.03 | 70.00 |
| 9. | Портокали | 27.72 | 47.77 | 33.27 | 36.04 | 38.81 | 55.00 |
| 10. | Мандарини | 36.73 | 76.22 | 44.07 | 47.74 | 51.42 | 60.00 |
| 11. | Лимони | 33.26 | 74.96 | 39.92 | 43.24 | 46.57 | 55.00 |

**Увоз по земја-испраќач по денови**
**Период: од 15 март 2023 до 28 март 2023**

| | Земја-испраќач | Нето кгм | Вредност мкд | Царина мкд | ВКУПНА ВРЕДНОСТ | Увозна цена/кг |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Домати | 667,189 | 16,331,403 | 10,797,895 | 27,129,298 | 40,7 |
| 2. | Краставици | 414,842 | 15,391,697 | | 37,102,588 | 39,0 |
| 3. | Кромид | 348,931 | 11,652,814 | 1,051,219 | 12,704,033 | 36,4 |
| 4. | Карфиол | 17,205 | 525,170 | 141,781 | 666,951 | 38,8 |
| 5. | Пиперки | 150,377 | 6,215,457 | 2,119,534 | 8,334,991 | 55,4 |
| 6. | Грав | 129,000 | 4,934,305 | 986,862 | 5,921,167 | 45,9 |
| 7. | Леќа | 26,465 | 1,800,442 | 180,044 | 1,980,486 | 74,8 |
| 8. | Банани | 988,348 | 52,551,670 | 1,829,235 | 54,380,905 | 55,0 |
| 9. | Портокали | 972,539 | 26,808,426 | 156,577 | 26,965,003 | 27,7 |
| 10. | Мандарини | 215,3720 | 7,408,172 | 514,550 | 7,922,722 | 36,7 |
| 11. | Лимони | 317,589 | 9,260,154 | 1,303,663 | 10,563,817 | 33,3 |
| | **ВКУПНО** | **4,248,257** | **152,879,709** | **19,081,360** | **156,569,409** | |



**Овошјето и зеленчукот по втор пат замрзнати со повисоки цени.**
*Извор: Министерство за економија*

## НАСЕЛЕНИЕТО СМЕТА ДЕКА ПОМОШТА ИЗОСТАНАЛА

Во супермаркетите, продавниците и на зелените пазари, сликата е поразителна. Граѓаните забележуваат одредени намалувања во цените, но велат дека тоа довело до недостиг од токму на оние најевтините производи. Па така, на рафтовите има неколку векни бел и дури десетици векни леб со семиња. Неколку млека по 60 денари и цел ред полици со млеко со витамини или со ниска масленост и без лактоза, кое достигнува и над 90 денари по литар. Слични примери има и со другите производи.

Во гајбите домати, краставици, пиперки и кромид речиси и да нема, а онаму каде што останале, цените ниту се замрзнати ниту намалени туку значително зголемени. Во еден од поголемите ланци на супермаркети, можеше да се најдат и домати за 180 денари. Граѓаните реагираат дека власта си игра со нивните пресметки. Прашуваат како е можно да е толку скапо, додека функционерите за нив си ги зголемуваат платите без никаков проблем. Велат мерката е задоцнета и ќе има ограничени ефекти, бидејќи цените сега само минимално се намалиле откако претходно галопирачки оделе само нагоре повеќе од 12 месеци.

**„Ова требаше многу порано да се случи, а не да ги кренат цените и сега да се фалат дека ги замрзнале“.**

**„Ништо не е намалено, сѐ си е исто. Во маркетите не сме биле, ама на пазарите си е исто. Ако не ги намалат цените, треба да ни ги качат пензиите и платите, а тие ги покачија на едни по 800 денари, а на други по 6000 денари“.**

**„Колку и да ги замрзнат – џабе е. Што ќе замрзнат, за пет денари поевтино?!“**

**„Ги зголемуваат за 60%, а ги намалуваат за 7%“**, реагираа граѓаните.

Овошјето и зеленчукот пак можеби поевтинија во маркетите, но не и на пазарите. Некаде се продаваше поскапо, а го немаше на многу тезги. Кусокот од производи е сѐ уште евидентен.

Трговците се пожалија дека продаваат залиха останата од претходните денови, но нова набавка нема, зашто магацинските цени се во висина на замрзнатите од Владата, па тие наместо со ќар, работат со загуба.

**„Не смееме да товараме на таа цена, нема да можеме да ја работиме робата и затоа немаме роба, таа роба што ни остана, и со неа тераме. Магацините си ја држат цената, а на нас намалена, не може да се работи. На гравот му бараат 130 денари, а овде е 75 денари, ние не можеме да продаваме и грав ќе нема“**, рекоа пазарџиите.

## ТРГОВЦИТЕ СО МАКСИМАЛНИ МАРЖИ

Анализите покажаа дека трговците и тоа како заработиле од продажба на овошје и на зеленчук. Најмногу ќар имале увозниците и трговците на големо. Маржите во март се движеле од 100 до дури 250 проценти. Министерот за земјоделство Љупчо Николовски рече дека јасно се дефинирани производствените трошоци на земјоделците, но и откупните цени што се плаќаат кон нив.

**„Од тие анализи произлегува дека најголем дел од цените што граѓаните ги плаќаат, одат за маржа, не за земјоделците. А во овој момент, го немаме тоа домашно производство. Затоа, целото наше мислење беше дека во овој момент нема проблем во делот на домашното производство на тие производи, односно замрзнувањето и ограничувањето на овие цени нема да влијаат врз трошоците и врз приходот на земјоделците, туку врз сите оние што сакаат да профитираат на грбот на граѓаните. Во целокупната цена, најголема застапеност има маржата“**, рече тој.

## ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ И КУПУВАЧИТЕ ОБВИНУВААТ ЗА ПОПУЛИЗАМ

Актуелното замрзнување на цените на раноградинарските производи е чист популизам, бидејќи како мерка е и задоцнета, и промашена, и како таква ни приближно не го решава длабокиот проблем. Ова се само дел од обвинувањата на земјоделците кон Владата. Според нив, Владата требала да им помогне со намалување на превисоките цени на репроматеријалите, кои долго време неконтролирано диваат. Замрзнувањето на



**Ковачевски јаде сендвич со мортадела.**
*Извор: алфа тв.мк*

цените на овошјето и на зеленчукот, не само што било бескорисно, туку и погубно за домашните производители на храна.

**„Најконкретно, во моментов имаме случај кога буквално се бара главица кромид повеќе, а на пазарот ја нема, додека до пред некоја година бучинскиот кромид се фрлаше во центарот. Значи, сè додека не се намалат цените на препаратите и не се задржат колку-толку пристојни цени на производите, ние ќе имаме намалување на производството. И ако сега зборуваме за недостигот од храна, верувајте дека за година-две, ние ќе зборуваме буквално за немање на храна“**, вели Васко Јосифовски, земјоделец од с. Трновци, Битолско.

Премиерот Ковачевски, заедно со министерот за економија Бектеши и директорот на Пазарната инспекција, редовно вршеше т.н. контроли низ скопските супермаркети. Демек ќе гледале и сакале лично да се уверат дека цените паѓале во обид да ги убедат граѓаните дека владините политики даваат резултати.

На терен, се редеа секојдневни посети низ продавниците. Прво да се уверат дека лебот поевтинил, па дека се намалила цената на млекото, па дека бананите се продавале за неколку денари помалку. Граѓаните не наседнаа на ПР-техниките на извршната власт. Разговорите дека премиерот купува еден леб дневно или дека се шегува со министрите дека со 400 денари ќе „врти“ палачинки по дома некако не им „држеа вода“. Особено ако се знае дека експресно си ги покачија платите, дека секој втор функционер си ги вработил ќерката или синот во „државно“ или, пак, дека бизнисот со соларни електрани е „златна кокошка“ за политичарите на власт.

Никој не поверува во сликата дека премиерот јаде сендвич со мортадела и месен нарезок или пак дека пие евтино сокче од боровница. Едноставно, сликите не само што не ги прикажаа функционерите како „луѓе од народот“, туку само ги зголемија револтот и гневот кај населението.

## БИЗНИСОТ ПРОТИВ ЗАМРЗНУВАЊЕТО НА ЦЕНИТЕ

Чист популизам – ова е оценката на бизнис-секторот по замрзнувањето на цените. Тие бараат алтернативни решенија и активирање на стоковите резерви, потег кој Владата веќе долг период го одбива. Стопанствениците се гневни зошто Владата секоја недела „си игра“ весела математика со замрзнување на цените. Според извршниот директор на Стопанската комора, Антони Пешев, власта требала да го заштити населението како што тоа го прават другите држави, со финансиска инјекција на секое домаќинство. Таков пример, според него е Австрија, земја која во ниеден момент не ги оставила на цедило граѓаните, туку постојано им помагала со реални, а не со популистички мерки.

**„Ние се залагаме токму за тој принцип – да не одиме со замрзнување на цените, туку со субвенционирање на она население на кое тоа навистина му треба. Замрзнувањето на цените непотребно ги става компаниите чии производи се замрзнати во неповолна економска позиција, а производите им се продаваат и на оние групи население на кое таа разлика во цена не им значи ништо. Затоа, многу повеќе ги почитуваме мерките на Владата кои се однесуваат на директна интервенција во делот на намалување на царините, помош при увозот на репроматеријали, субвенционирање на електрична енергија и механизмите кои го прават домашното производство поконкурентно, отколку директно замрзнување на цените“**, истакна неодамна Пешев.

## НАД 2,5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ КАЗНИ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА „ЗАМРЗНАТИТЕ“ ЦЕНИ



**Горан Трајковски, директор на Државен пазарен инспекторат.**
*Извор: Влада*

Државниот пазарен инспекторат секојдневно ги контролираше цените на замрзнатите производи на територијата на цела држава. Од почетокот на донесувањето на владините одлуки за „замрзнување“ на цените на одредени производи до првата недела од април, спроведени биле над 1.800 инспекциски надзори. Одлуките генерално се почитувале, така барем тврдеше в.д. директорот на Државниот пазарен инспекторат, Горан Трајковски.

**„Во неколку наврати се изречени и казни кои вкупно надминаа 2.5 милиони денари. Во зависност од големината на правниот субјект, варираат и висините на казните, кои се движат од 800 до 10.000 евра. Граѓаните постојано праќаат поплаки до нас за високите цени на рафтовите, но Државниот пазарен инспекторат нема ингеренции во формирањето на крајната цена на производите. Ние сме тука да вршиме проверки само на одлуките кои ги носи Владата и да спречиме нивна злоупотреба. Се очекува денеска да бидат замрзнати цените на зеленчукот и на овошјето, а сигурен сум дека во наредниот период ќе бидат замрзнати цените и на други производи за кои веќе се прават анализи“**, нагласи Трајковски.

## ВАКВИТЕ МЕРКИ МОЖАТ ДА ЈА „ПОДГРЕАТ“ ИНФЛАЦИЈАТА

Мерката за замрзнати цени не е мерка што е одлика на  пазарна економија и може да предизвика спротивен ефект, предупредува Таки Фити, академик и долгогодишен професор на Економскиот факултет. Смета дека Владата мора многу внимателно да управува со оваа мерка бидејќи замрзнувањето на цените може да предизвика инфлаторен шок и енормно поскапување на производите откако ќе бидат одмрзнати.

**„Зошто е лоша мерка? Затоа што обично се враќа како бумеранг. Ако ги ограничите цените на производите, ги лимитирате на определен временски период, кога ќе ги одмрзнете, условно да кажам, едноставно ќе дојде до силен пораст на цените што биле замрзнати или плафонирани, зависи каква мерка се употребува, што може да придонесе дури и за понатамошно разгорување на инфлацијата. Ако опфати голем број производи, гледате во кошничката на производи преку кои ја мериме инфлацијата, токму овие производи и цените што се замрзнуваат, играат значајна улога“**, вели академикот Фити.

Според него, многу подобро решение би биле мерките на другите држави кои им помагаат на оние луѓе кои се најзасегнати, кои се најзагрозени, кои се социјални категории, кои финансиски ги помагаат, за да можат да ги пребродат овие тешки моменти.

# ИНТЕРВЈУ СО ДЕЈАН ВЛАДЕВ

## *Градоначалник на Општина Свети Николе*

**Свети Николе некогаш беше полн град, со младешки џагор по улиците. Денес белата чума и иселувањето не го одминуваат овој крај во Овчеполието. Од општината со која раководи Дејан Владев, најавуваат квалитетни услови за живот на новите генерации. За зголемување на вработеноста, идните планови, подобрување на инфраструктурата и за инвестирањето во младите генерации, зборува градоначалникот во интервју за „Магазинот за туризам и менаџмент“.**



**Невработеноста во центарот на Истокот ги исели младите луѓе. Градот е празен, а сиромаштијата ги мачи жителите на Свети Николе. Со кои мерки може да се подобри локалниот развој на оваа општина?**

Постојано се трудиме да ја подигнеме информираноста за можностите за

Дејан Владев, градоначалник на Општина Свети Николе.



# ВЛАДЕВ: „ДА ГО СПРЕЧИМЕ ИСЕЛУВАЊЕТО ОД МАКЕДОНИЈА!

вработување, како и можностите за отворање нови работни места. За да се стимулира вработувањето на најзагрозени категории на невработени лица, се предвидува нивно ангажирање во организирани работни активности во рамките на Годишната програма за јавни работи, како и вклучување на невработени лица во програмата за општинско-корисна работа и во мерката јавни работи преку Агенцијата за вработување. Исто така, се планира оваа година да се организира настан „Форум на работодавачи“ во Општина Свети Николе, кој има за цел да ја зголеми вработеноста и да овозможи отворање нови работни места. Идејата е да се усогласат понудата и побарувачката на работната сила согласно со потребите на пазарот на трудот и да ја поттикнеме соработка помеѓу Општината и Центарот за вработување. Со овие активности ќе се зголеми информираноста на невработените за отворени позиции, како и на самите работодавачи за новите мерки за ангажирање невработени лица. Воедно се врши и постојано информирање на малите и на средните претпријатија за сите повици што им овозможуваат пристап до нови начини на финансирање и инвестиции.

**Ќе се градат ли нови индустриски зони, се работи ли на привлекување странски инвеститори?**

Засега не. Во моментот располагаме со индустриската зона „Свети Николе“, индустриската зона „Овче Поле“ и со индустриската зона „Мало стопанство“. Општината во наредниот период ќе се фокусира врз изградба на основна инфраструктура на постојаните индустриски зони, како и на нивна промоција пред потенцијалните инвеститори. Воедно, на веб-страницата на општината е поставен и прашалник за потенцијалните инвеститори со кој тие може да изразат интерес во поглед на нивните потреби за инвестирање.

**Свети Николе некогаш беше полн град, со младешки џагор по улиците. Денес белата чума и иселувањето не го одминуваат овој крај во Овчеполието. Колку нуди општината со која Вие раководите квалитетни услови за живот на новите генерации?**

Белата смрт односно миграцијата на народ е еден сериозен предизвик и проблем што стои пред сите нас и чие надминување е меѓу врвните приоритети. Незадоволството поттикнато од разни побуди како што се корупцијата, нечесност, систем на локална самоуправа што не функционира, е нешто што продуцира бесперспективност кај младите и буди желба за иселување. Како локалана самоуправа имаме само моќ да дејствуваме локално на оваа проблематика, односно да го подигнеме квалитетот на живот во општината, со што ќе ги намалиме диспаритетите во самата општина помеѓу населените места, како и диспаритетите што постојат помеѓу нашата општина и општините што нè опкружуваат, но и да создадеме



**Панорама на Свети Николе.**
*Извор: svetinikolemakedonija*



стабилна основа за почеток на економски развој, кој ќе продуцира нови работни места и искористување на човечкиот потенцијал од општината. Целта ни е да реализираме проекти со кои што ќе придонесеме да има нови и модерни содржини во Свети Николе, со кои би се подобрил квалитетот на живот на самите граѓани. Токму поради тоа и го зголемивме износот на додатокот за новороденче, а предвидовме и еднократна парична помош за секое првооделенче, како и за секој ученик од Свети Николе што ќе се запише во средно училиште на територијата на општината од следната година. Зголемен е дијалогот со ресорното министерство во поглед на намалување на невработеноста. Ќе се отвори градинка во рурална населба Ерџелија. Се градат детски игралишта и спортски сали и терени на места каде што досега немало. Како одговорна општина, континуирано спроведуваме младински политики на дело, со што покажуваме и грижа за младите.

**Каква е состојбата со инфраструктурата во градот. Успеа ли Свети Николе да го реши проблемот со водата за пиење?**

Проблемот со водата за пиење е одамна решен. Свети Николе е првата општина што користи вода за пиење од страна на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности „Хидросистем Злетовица", а воедно го разработува и алтернативното решение со дупчења над село Кнежје. Во натамошниот период ќе се изврши реконструкција на станицата за прочистување на водата Сивиртепе, со што ќе се изврши зголемување на капацитетот на филтерната станица, а со тоа ќе се овозможи и реализација на проектот за кој веќе имаме обезбедено техничка документација за изградба на водовод од пречистителна станица до повеќе локации.

**Уште во предизборната кампања најавивте дека ваш приоритет ќе биде решавањето на реалните проблеми со кои секојдневно се соочуваат граѓаните на Свети Николе. Успеавте ли да понудите новини за земјоделците, пензионерите и за другите жители на градот?**

Кога станува збор за земјоделците, пензионерите и граѓаните воопшто, постојано сме во комуникација со здруженијата што ги претставуваат соодветно, за да бидеме во тек со нивните реални потреби и предизвици. На овој начин, всушност, и се гради буџетот во Општината, при што се води сметка да му се даде приоритет на она што вистински е потребно за секој граѓанин.

**Енергетската криза и понатаму е сериозен**

**проблем во нашата земја. Сметките за струја и понатаму се многу високи. Дали успеавте да ја намалите потрошувачката на електрична енергија во институциите и во училиштата кои се под ингеренции на општината?**

Добро се носиме со самиот предизвик и успеваме да направиме заштеди од претходната година во сите институции под локално ниво. Заштедата на месечно ниво, во споредбено со претходната година, се движи во просек од 15 до 30%, а во одделни институции, забележани се и заштеди над 50%.

**Дали има Владата слух за помош и реализација на некои клучни проекти за Општина Свети Николе?**

За да добиете одговор на ова прашање, Ве молам обратете се до оној до кого е упатено самото прашање, Владата.

**Како градоначалник, остварувате средби со граѓаните и на терен ги воочувате нивните проблеми. Колку успевате да најдете решение?**

Доколку постои и најмала шанса за институционално решавање на некој проблем согласно ингеренциите и законските надлежности на Општината, тие проблеми тековно ги решаваме, со што покажуваме дека сме навремен сервис на граѓаните и на бизнис-секторот.

**Кои новини ги планира Општината во наредниот период?**

Пред сѐ, се работи за инфраструктурни зафати, со кои ќе успееме да го направиме Свети Николе пристојно место за живеење. Во план се изградба на ново детско игралиште во населбата, нов парк, затворено спортско игралиште во училиштето „Кочо Рацин“, изградба на канализациска мрежа во Мустафино, улици во Сопотски пат, реконструкција на дел од речниот кеј и реконструкција на улицата „Орце Николов“.

Црква Света Лидија.



# ВЕЛИГДЕН - ВЕЛИК ДЕН
## Денот на Христовото воскресение



***Господи Исусе Христе, помилуј ме мене, грешниот.***

Воскресението Христово, кое се празнува на Велик ден, е најголемиот, најстариот и најсветлиот христијански празник, кој ја претставува суштината на христијанската вера. Нашата Македонија е земја со најстаро име на европскиот континент. Македонија е спомената во Библијата неколку десетици пати, во зависност од преводот, и е портата на христијанството кон Европа уште од децениите по распнувањето и воскреснувањето на Исус Христ. Верата во Христа била донесена од апостол Павле, откако на видение му се појавил Македонец, со раширени раце повикувајќи го напомош во Македонија. Според Библијата, покрстувањето на Света Лидија Македонка го отворило патот на христијанството во Европа. Неколку векови подоцна, во Македонија престојувал и Свети Еразмо Охридски, а откако во 4. век од нашата ера христијанството било признаено за официјална религија, во Македонија се изградиле и многу ранохристијански храмови, дел од кои се видливи и ден-денес. Во 6. век била создадена Јустинијана Прима – Првата вистина на Јустинијан, родум од Македонија. Автокефалната Архиепископија Јустинијана Прима ги претставува основите на Охридската архиепископија. Во 9. век од нашата ера, уште еден светител оставил голема трага врз духовниот и културен живот – Свети Климент Охридски, основачот на првиот универзитет во Европа и првиот македонски епископ. Како ученици на Светите Кирил и Методиј, заедно со неговиот духовен брат – Свети Наум Охридски, направиле подвиг кој се памети до ден-денес.

Верата во Воскресението за нашите предци била врховен мотив за опстојување низ вековите. Симболиката на пасхалното јагне и Исус Христос на крстот го ослободува човекот од гревот, затоа што Синот Божји се жртвувал за сите нас. Велик ден во Македонија се слави уште од памтивек. Според официјалниот историски наратив, Велик ден е најстариот христијански празник.

Велик ден претставува продолжение на старозаветниот еврејски празник Пасха, сè уште празнуван од Евреите во чест на ослободувањето на еврејскиот народ од египетското ропство. Буквалното значење на зборот „пасха“ е премин. Го означува и го симболизира преминувањето на Евреите од Египет во Израел. Во христијанството, Пасха исто така значи премин – премин со Христа, од смртта во животот и од земјата кон небото, ослободување од гревот за пат во Царството Небесно.

Велигденските пости содржат значајни празници за кои народот од памтивек практикувал обичаи зачувани и денес. Простено на Прочка, преку Летник,




**Распетие Христово.**
*Извор: Продукција Аристон*

Младенци, Цветници, Лазарева сабота до Страсната седмица – последната седмица од велигденскиот пост до Велик ден. Подготовките за велигденските празници кај Македонскиот народ започнувале и започнуваат уште пред велигденскиот пост. На „чист понеделник" не се работело „за од глувци", за глувците да не правеле пакост по куќите, амбарите и шталите. Народните верувања дека „ластовиците идат од арапска земја на празникот на четириесетте мученици", „на Благоец излавале змиите од земјата, а тогај прокукуе кукавицата и кој оде по поле, треба да си апне троа лебец", „на Благовец змија е арно да те уапе, оти тогај са благи" и многу други и ден-денес се паметат низ цела Македонија. Познато е дека народот верува дека е лош к'смет ако работи во четвртоците од Велик ден до Дуовден или Спасовден, „за да не пада град летно време". Во некои краишта од Македонија, падарите биле задолжени за проверка на нивите и на лозјата во четвртоците, кои дури и го кршеле алатот на оние кои работеле. Во тие четвртоци, ниту смеело да се работат „тешки работи", ниту, пак, по дома да се перат бели алишта, сето тоа поради верувањата за заштита од град во текот на годината. Цепенков и други собирачи на народни умотворби пишувале за „нефелата од работа од Величетврток заклопен четврток".

Најшироко распространетата традиција за Велик ден е бојадисувањето (вапцањето) велигденски јајца со црвена боја. Црвената боја ја симболизира крвта на Христос, која течела кога бил распнат на крстот, а јајцето е симбол на повторното раѓање, препородот – воскресението. Велигденските јајца се поврзани со рамноапостолната Марија Магдалена. Според преданијата, кога заедно со другите жени дошле пред крстот на кој бил распнат Исус, оставила крошна со јајца, кои од капењето на крвта станале црвени. Постои и предание, според кое Марија Магдалена отишла кај римскиот император со кошница јајца и кога го поздравила со „Христос воскресе", тој ѝ одговорил дека „тоа било невозможно, како што било и невозможно јајцето да се претвори во црвено". Во тој момент јајцето кое го држела



**Бојадисување велигденски јајца, најшироко распространета традиција за Великден.**

во раката поцрвенело. Православните христијани со векови си подаруваат и се кршат со велигденски јајца поздравувајќи се со зборовите „Христос воскресе“ и „Навистина воскресе“, симболично потсетувајќи се на Христовото воскресение, победата над смртта и спасението. Велигденските јајца се бојадисуваат во рани мугри на Велики четврток, а за првото вапцано јајце, македонскиот народ со векови раскажува дека има голема моќ, употребувајќи го ритуално за заштита од град, суша, и сл. Подготовките за бојадисување на велигденските јајца од домаќинките започнувале уште во средата, кога ги оставале во вода со билки за да отстојат покрај огништето до „рано пред сонце“, кога домаќинката откако ќе каснела едно парче леб, започнувала со вапцање. Верувањето за моќта на првото бојадисано јајце, или првите три јајца низ цела Македонија се памети не само по капењето на децата, туку и по користењето на првото велигденско јајце за заштита од град и други непогоди и непријатности. Народното верување за моќта на јајцето како симбол на плодноста и бериќетот е претставено преку бањањето на децата: „црвено – бело, здраво – живо“. Во коритата со вода се ставале билки – здравец, вртика... народот уште верува дека „сѐ бидува од јајцето“. Пред неколку децении, низ целиот свет одекна веста дека најстарите писмени докази за бојадисување црвени јајца за Велик ден се од 13. век, а први кои го правеле тоа биле Македонците.

Последната седмица пред Велик ден – Страдалната недела, нарекувана и Велика, Страстна и Глува недела ги претставува последните денови на Исус Христос во Ерусалим. Сите денови од оваа седмица се нарекуваат Велики или „вели“. Велики четврток е денот кога се одржала тајната вечера. Велики петок е денот на распнувањето на крстот. Велика сабота е денот во кој се потсетуваме за гробот на Исус Христос и неговото симнување во адот. Доцна вечерта на Велика сабота пред полноќ започнува велигденската богослужба, проследена со литии околу црквите, а откако на полноќ торжествено ќе се објави радосната




**Воскресение Христово.**
*Извор: Продукција Аристон*

вест, „Христос воскресна – навистина воскресна", се одржува Велигденската литургија. Велик ден, секогаш во недела е најрадосниот празник кај православните христијани, кои претставуваат мнозинство во Република Македонија.

Празнувањето на Велик ден или Велик Ден е поврзано со фазите на месечината, па затоа и празникот е „подвижен". Обичаите кои се паметат и се практикуваат и ден-денес во периодот од пред Велик ден, преку Ѓурѓовден, Спасовден, Преображение, Крстовден и понатаму до Коледе и Божиќ, сведочат за старите верувања што се зачувале во Македонија уште од памтивек до денес. Од повозрасните уште може да се чуе и дека „човеците шо умирале околе Велик ден, иделе право у рај", „који човек умира на Велики петок и го погребуват на Велика сабота, воскреснува заедно со Ристос у неделата". Значаен дел од македонската традиција претставуваат и велигденските народни песни, категоризирани како лирски обредни календарски песни, кои се исполнуваат во текот на трите дена од празникот Велик ден и кои пеат за Христовото воскресение, за христијанските светители, за причесната, а некои од нив се и ороводни песни. Во многу велигденски песни се пее и за разбудената природа и за враќањето на топлината и животот, но и за јунаци од минатото, најчесто за Крал Марко. Забележани се и верувања поврзани со ѕвездите и Велик ден – полукружниот распоред на ѕвездите во созвездието Северна Круна (Corona Borealis) кои „се гледат цело лето" и се познати како „трпеза", „софра", но и „тајна вечера" и „божја трпеза". Исти и слични именувања за „многуте ситни ѕвезди кои се во круг околу поголема ѕвезда како на софра" се познати во многу краишта на Македонија. Македонските православни храмови изобилуваат со фрески, икони и дрворези кои ги претставуваат Страдалната седмица и Воскресението.

*Христос воскресна од мртвите, смртта со смрт ја победи*

*и на тие во гробовите живот им дарува!*

м-р Никола Ристевски, Продукција Аристон



**Неџат Курт, нов генерален директор на ТАВ Македонија.**
*Извор: Независен весник*



# НЕЏАТ КУРТ НАЗНАЧЕН ЗА ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА ТАВ МАКЕДОНИЈА

Од стартот на месецов, ТАВ Македонија има нов генерален директор. Местото на досегашниот генерален директор Метин Батак го презема Неџат Курт. Батак, пак, ќе биде назначен за член на Извршниот одбор на компанијата ТАВ Тунис, која управува со аеродромите Енфида Хамамет и Монастир.

Неџат Курт работи во воздухопловството 23 години, а уште од влезот на ТАВ на македонскиот пазар е дел од високиот менаџмент на ТАВ Македонија. Во 2008 година беше еден од менаџерите кои го водеа проектот за концесија во земјава. Тој работеше на Скопскиот аеродром 2 години, а во 2010 година беше назначен за менаџер на Аеродромот Св. Апостол Павле Охрид. По 2 години, во 2012 година, беше назначен за менаџер на скопскиот аеродром и управуваше со целокупните аеродромски операции во македонскиот главен град.

Во 2014 година, ТАВ Аеродроми го назначи Курт за координатор за транзиција на меѓународниот аеродром Принц Мохамед Бин Абдулазиз во Медина, Саудиска Арабија. Од биографијата на Курт може да се забележи неговото огромно менаџерско искуство како координатор за оперативна подготвеност и аеродромски трансфер во терминал и во јавна зона на аеродромот во Загреб во Хрватска. Тој бил и координатор за аеродромски операции на 3 аеродроми кои се преземени под концесија од Кралството Саудиска Арабија од страна на ТАВ Аеродроми.

Кон крајот на 2018 година, Курт повторно работи во Македонија како координатор за аеродромски операции, одговорен за целокупното оперативно работење на аеродромите во Скопје и во Охрид. Во првиот квартал од 2019 година, Курт беше назначен за заменик-генерален директор за операции на ТАВ Македонија.

Инаку, ТАВ Македонија, ги заврши првите четири месеци од 2023 година  со 753.377 превезени патници на двата македонски аеродрома, што е зголемување за 44% во однос на истиот период во 2022 година, а 8% во однос на 2019 година, која се смета за референтна. Во исто време, бројот на летови на двата аеродрома изнесува 6.010, со годишен пораст од 35% и 4% во однос на 2019 година.

# ДУРБИН ВЕСТИ ОД СВЕТОТ

## „АЛКАЛОИД“ – НАЈПОСАКУВАНА МАКЕДОНСКА КОМПАНИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО 2022 ГОДИНА

Македонските работници избраа – најмногу сакаат да работат во „Алкалоид“. Според анкетата спроведена од веб-порталот на Агенцијата за посредување при вработување „Вработување.ком“, фармацевтскиот гигант „Алкалоид“ претставува најпосакуван работодавец, односно најголем број од испитаниците го фаворизирале и го посочиле за градење на успешна кариера. Дури 41% од вкупно 1.468 испитаници одговориле дека би сакале да работат во „Алкалоид“.

На манифестацијата „Работодавец на годината“, наградата му беше врачена на генералниот директор и претседател на Управниот одбор на „Алкалоид“, г. Живко Мукаетов.

Наградите за најпосакуван работодавец се доделуваат врз база на три критериуми: бројот на посети на огласите и на објавите на сајтот „Вработување.ком“, покажаниот интерес од апликантите и јавното анкетно истражување.

На манифестацијата беа доделени награди во вкупно 7 категории, а „Алкалоид“ ја доби наградата како апсолутен победник, односно се закити со титулата „Најпосакуван работодавец за 2022 – најпосакувана македонска компанија“.

**Алкалоид - најпосакуван работодавач.**
*Извор: Нова Македонија*





Вештачката интелигенција закана за работните места.
*Извор: forbes*

## ЗА ПЕТ ГОДИНИ ЌЕ ИСЧЕЗНАТ 14 МИЛИОНИ РАБОТНИ МЕСТА

Поразителни очекувања за иднината од Светскиот економски форум. Врз основа на истражување на 800 компании, СЕФ очекува работодавците да отворат 69 милиони работни места до 2027 година, додека 83 милиони работни места ќе бидат укинати.

Тоа значи дека ќе исчезнат 14 милиони работни места, што претставува два проценти од сите вработени, се вели во соопштението.

Преминот кон системи за обновлива енергија ќе создаде значителен број нови работни места, додека пазарот на трудот негативно ќе биде под влијание на бавниот економски раст и високата инфлација.

Развојот на вештачката интелигенција ќе има и позитивно и негативно влијание врз работните места, предвидува Светскиот економски форум.

На фирмите ќе им требаат вработени да воведат вештачка интелигенција во системите на компанијата и да управуваат со алатки поврзани со вештачката интелигенција.

Сепак, последниве месеци, голем број на успешни менаџери и иноватори на познати светски глобални компании отворено застанаа против прекумерната употреба на вештачката интелигенција во работните процеси.

На петицијата на милијардерот Илон Маск, неодамна се потпишаа над 1000 луѓе. Тие повикуваат на пауза во развојот на напредна вештачка интелигенција додека прво не се развијат заеднички безбедносни протоколи. Се наведува и дека ВИ може да доведе до економски и политички нарушувања. Аналитичарите ги повикаа програмерите да соработуваат со креаторите на политики и регулаторните органи.



Грчките инвеститори „на големо“ ќе инвестираат во туризмот.



## ИНВЕСТИТОРИ „НА ГОЛЕМО“ ЌЕ ИНВЕСТИРААТ ВО ГРЧКИОТ ТУРИЗАМ: НАЈАВЕНИ ИНВЕСТИЦИИ ОД НАД ЕДНА МИЛИЈАРДА ЕВРА

Грчките инвеститори се охрабрија од позитивните прогнози за развој на туризмот во оваа земја. Крајот на пандемијата и позитивните прогнози за туризмот во земјава во наредните години туркаат се повеќе инвеститори да ги забрзаат процедурите за почеток на нивните проекти. Најмалку три такви инвестиции, во вкупна вредност од



Дигиталните валути сигурни или нестабилни засолништа?

# ДИГИТАЛНИТЕ ВАЛУТИ ЗА НЕКОГО НЕСТАБИЛНИ, ЗА НЕКОГО СИГУРНИ ЗАСОЛНИШТА НА КАПИТАЛОТ

Нестабилните криптовалути стануваат, по сè изгледа, сигурни засолништа за капиталот во некои делови од светот, како што се Аргентина и Турција, каде што високата инфлација и падот на локалните валути ги принудија граѓаните да бараат спас во дигиталните пари, анализираат светските медиуми.

Во однос на сопственоста на дигиталните валути во светот, Турција предничи со удел од 27,1 отсто, а по неа е Аргентина со 23,5 отсто, што е значително повисока од проценетата глобална стапка од 11,9 отсто.

Покрај водечките позиции во светот во усвојувањето криптовалути, заедничко за Турција и Аргентина е тоа што имаат и висока инфлација, што доведе до пад на курсевите на националните валути и контрола на протокот на капитал со цел да се обесхрабри локалното население да изнесува пари во странство. Годишната стапка на инфлација во Турција во март достигна 50,51 отсто, а во Аргентина дури 104 отсто.

Турската лира и аргентинскиот пезос вртоглаво паѓаат и се на рекордно ниско ниво. На црниот пазар, на пример, треба да се издвојат околу 464 пезоси за американски долар, што е повеќе од двојно од официјалниот девизен курс од 222 пезоси за долар.

Голем дел од купувањето на таканаречените безбедни засолништа се криптовалутите, кои се крипто-токени поврзани еден-на-еден со традиционалните средства како американскиот долар или златото, што им овозможува на инвеститорите алтернатива кога нема доволно долари.



950 милиони евра, се очекува да започнат годинава.

Инвестициите ќе вклучат развој на комплексни туристички сместувачки капацитети. Во овој контекст, до крајот на годината се очекува да започне развојот на луксузното одморалиште Варко Беј на полуостровот Варко, во Палерос, општина Актио-Воница, инвестиција од 182 милиони евра. Инвестицијата на Мирум Хелас во Елунда, Крит ќе надмине 500 милиони евра.

Во следните два месеци се проценува дека ќе може да започне уште една значајна инвестиција во областа на комплексното туристичко сместување.Тоа е Елунда хилс, промовирана од компанијата Мирум Хелас, интерес на руско-израелскиот инвеститор во недвижности Виталиј Борисов.

За втората половина на 2023 година е планиран и почеток на изградба на инвестицијата во износ од 270 милиони евра, промовирана од британската Миноа Плц, во Ситија, Крит. Целосно оперативна, туристичката инвестиција во заливот Фанермени ќе генерира годишен приход од над 100 милиони евра, објави Катимерини.

# МАКЕДОНЦИТЕ ЗА ВЕЛИК ДЕН НИЗ ЕВРОПСКИТЕ ЦЕНТРИ, ОХРИД ГОДИНАВА ПОЛОВИЧНО ИСПОЛНЕТ

Велигденските празници, некогаш беа денови резервирани за семејни дружби, сега се причина за патување и за релаксација. Сончевите денови се вратија, денот е подолг, ноќта станува пократка. Ова е доволна причина за да се одбере посакуваната дестинација и да се искусат различни култури. Туристичките агенции од година во година нудат за посета се повеќе интересни градови и места. Најголем дел од Македонците за Велик ден годинава решија да ги посетат европските центри, но некои од нив заминаа и во Јордан и во светата земја Израел, како и други арапски земји.

Овој Велик ден, како и во изминатите неколку години, патувањето стана сѐ почесто за време на празниците со неколку неработни денови. Годинава, како што носи економската криза зголемени цени на сите производи, така има зголемување и кај туристичките аранжмани. За шест дена во Санторини, или пак во Јужна Италија, со автобуски превоз, цените почнуваат од 300 евра, додека аранжманите со авионски превоз за три дена во Тоскана, Италија, чинат од 500 евра. За 5 дена во Португалија, се движеа од 800 евра па нагоре. За патување во Египет ви се потребни 1.300 евра, а за во Јордан од 1.500 евра за деветдневен аранжман.

Понудата во Македонија за велигденските празници не беше многу примамлива. Граѓаните во анкетата која ја направи „Магазинот за туризам и менаџмент“, велат дека овие денови се можност за релаксација и за посета на места што досега не ги виделе.

„Велигденските денови се убава можност да прошетаме со семејството. Децата сакаат да видат како се слави Велик ден во друг град, во друга земја. Ова веќе ни стана традиција за празникот“, вели Маја Стојчевска.

„Годинава решивме да останеме дома, иако ни недостига повеќе забава за овој празник во нашата држава“, вели Александра Ѓуровска.

„Овој Велик ден го одбравме Лондон како дестинација. Заедно со пријатели одлучивме

да поминеме неколку дена и да видиме како се слави најголемиот христијански празник во Англија", вели Бобан Стојановски.

За разлика од европските центри, Охрид, туристичкиот центар во нашата држава, остана половично пополнет. Охриѓани најавија и повисоки цени на аранжманите, а гости пречекаа најголем дел од Србија и од Црна Гора.

„Пополнетоста на хотелските капацитети се движи од 50 до 60 проценти, со гости од нашата земја, како и гости од Србија и од Црна Гора, а секако се очекува интерес и од другите земји. Најавите зборуваат дека целосна исполнетост веќе ќе имаме со почетокот на првомајските празници, кога ќе започне и туристичката сезона во Охрид", вели Наташа Цветаноска, менаџер на хотел, во изјава за македонските медиуми.

Македонскиот бисер, центарот на православието, на кој секој Велик ден му се восхитуваа голем број туристи, не понуди нова приказна за да ги намами пред сѐ Македонците, а и нови странски туристи.

Но, за разлика од Македонија, во европските градови Велик ден е вистинска атракција. Во различни градови се организираат различни манифестации и велигденски базари, кои се вистинско уживање за туристите.

Голем број европски веб-портали направија рангирање на најдобрите десет дестинации за патување овој Велик ден.  Еве кои се најатрактивни дестинации за овој празник:



## Крајова, Романија

Еден од најзначајните градови во Романија, Крајова, се најде прв на листата како најдобра велигденска дестинација во Европа. Градот во кој можат да се видат најубавите пејзажи со неверојатни цвеќиња во своите градини и паркови, со традиција години наназад го организира најубавиот Велигденски саем во паркот Романеску, каде што може да се најдат традиционални сезонски производи, рачно изработени велигденски јајца, како и различни атракции за деца. Годинава беше во знакот на фантастичниот свет на Алиса во земјата на чудата, вистинска атракција за најмладите.





**Крајова, Романија.**
*Извор: europeanbestdestinations.com*



Виена, Австрија.
*Извор: vienna-insight.at*

## Виена, Австрија

Секогаш една од најдобрите 10 дестинации за Велик ден. Градот каде што се среќаваат историјата и културата, со големо добредојде ги пречекува гостите од целиот светот за секој Велик ден. Во Виена, може да забележите велигденски базар речиси на секој агол. Покрај традиционалната храна и пијалак, на штандовите се продаваат уникатни нацртани велигденски јајца, во сите бои.





Рим, Италија.
*Извор: whatalifetour.com*

## Рим, Италија

Местото каде што може да се види вистинска католичка традиција за славење на Велик ден. Италија, домот на Ватикан, се смета за најголемата католичка земја. Несомнено, тука може да се види и најубавата верска традиција за славење на овој голем празник. Рим, кој секогаш е атрактивен за туристите, го следи духот на оваа традиција, па секоја година за велигденските празници негов најголем печат се црквите полни со луѓе од целиот свет.

## Милано, Италија

Милион патници е бројката која се вели дека го посетуваат градот на модата. Модерен, традиционален и со неверојатна архитектура, која ги привлекува сите туристи во овој град. Милано е честа избрана дестинација за велигденските празници, каде што покрај прошетките, може да се искуси и одлична италијанска кујна. Овој град е секогаш подготвен да ги пречека туристите за време на овој голем христијански празник.



Милано, Италија.
*Извор: life.com*



**Загреб, Хрватска.**
*Извор: lovezagreb.hr*

## Загреб, Хрватска

Градот со прекрасни украсени дворови и балкони за време на велигденските празници. Загреб, според одредени европски портали се најде на третото место за патување за велигденски празници. На велигденските базари, можат да се видат големи велигденски јајца декорирани во различни бои и нацртани зајчиња.

## Париз, Франција

Париз е секогаш добра опција за патување. Главните збиднувања се во Нотер Дам и Свети Кер. Прекрасни литургии кои привлекуваат странски туристи од целиот свет. Цел Париз внимава и на велигденските ѕвона и на чоколадните велигденски јајца, кои можат да се најдат во речиси секоја продавница за чоколади. Ловот на јајца во ова метропола е нешто што не треба да се пропушти за Велик ден.



**Париз, Франција.**
*Извор: leuropeanbestdestinations.com*



## Колмар, Франција

Романтичниот град во Франција е совршена дестинација за патување за време на велигденските празници. Постојат два главни велигденски базари во срцето на градот, каде што може да се видат повеќе од 70 изложувачи што нудат оригинални и занаетчиски производи. Исто така, овој град е познат по дегустација на вина и прошетки по лозјата во регионот.



**Колмар, Франција.**
*Извор: frenchmoments.com*



Прага, Чешка.
*Извор: europeanbestdestinations.com*

## Прага, Чешка

Таканаречениот романтичен град во Европа, е еден од совршените места да се поминат неколку дена за време на велигденските празници. Мештаните се познати по големата желба за славење на Велик ден, и токму затоа тука се наоѓа и најпознатиот велигденски базар во стариот дел од градот.



Малта, Валета.
*Извор: europeanbestdestinations.com*

## Валета, Малта

Велик ден на островот Малта е задолжителен настан. За сите што сакаат да го доживеат на традиционален начин, Валета е совршена дестинација. На Велик ден, мештаните им нудат чоколадни јајца на децата. Исто така, во овој период од годината, може да се видат и делфини на островот Гозо, кој се наоѓа на само неколку километри, што е вистинска атракција за туристите за време на велигденските празници.



Лисабон, Португалија.
*Извор: visitportugal.com*

## Лисабон, Португалија

Главниот град на Португалија е еден од најубавите европски метрополи, кој секоја година го зголемува бројот на туристи. Порто, познат по прекрасните мостови, производството на вино, тесните улички и по автентичната архитектура, ги привлекува патниците од целиот свет. Црквата Сао Франциско е една од најпосетените за време на велигденските празници. Лисабон се нарекува жив град, кој нуди пејзажи од разгледница со слики.

# НОВИ ДЕСТИНАЦИИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ГРАЃАНИ: СТАРТУВА НОВ РЕД НА ЛЕТАЊЕ!

Нови дестинации ќе бидат достапни за македонските граѓани со новиот летен ред на летање. Во април стартува новата авиолинија на релација Франкфурт – Скопје – Франкфурт, која ќе оперира 10 пати во една недела. Наскоро ќе почне и Сплит, која е воведена од страна на Кроација ерлајнс и ќе лета од Скопксиот аеродром.

„Авиокомпанијата ќе лета меѓу Скопје и туристичкиот центар на Далмација во текот на летната сезона, од 12 мај до 14 октомври 2023 година, два пати неделно. Уште еден новитет доаѓа од Охридскиот аеродром и од авиокомпанијата Ер Србија, која ќе ја обнови линијата Белград – Охрид од јуни 2023 година. Македонскиот туристички и културен центар Охрид ќе се поврзува авионски со Белград четири пати неделно", велат од ТАВ Македонија.

И годинава остануваат сезонските летови како и лани. Од Скопскиот Аердором ќе се лета до Анталија, Измир, Бодрум, Хургада и Тунис. Овие летови почнуваат од мај и ќе траат до октомври.

Од Охридскиот аеродром ќе се лета во Холандија, односно до Амстердам и Мастрихт, како и до Полска, во Варшава и во Катовице.

Според актуелниот ред на летање на Скопскиот аеродром, 20 авиокомпании сообраќаат до вкупно 44 дестинации, додека од Охридскиот аеродром сообраќаат шест авиокомпании до девет дестинации. Но, редот на летови секогаш може да претрпи промени како што се добиваат информации од авиокомпаниите. Ова е причината поради која ТАВ Македонија секогаш ги советува патниците да ги следат веб-страниците на Скопскиот и на Охридскиот аеродром за ажурирање во реално време и секако, да проверат кај авиокомпанијата со која патуваат.

На двата македонски аеродроми во јануари и во февруари имало вкупно 310.127 патници, што е зголемување за околу 35, односно 56 отсто. Во споредба со минатата година, јануари годинава има зголемување на бројот на патници за три проценти, додека февруари е на речиси исто ниво со февруари 2019 година, односно пред пандемијата.

**Нови дестинации за македонските граѓани.**
*Извор: forbes.com*



# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

## ЈОВАН ДОНЕВ

**Поранешен амбасадор на Македонија во Велика Британија и универзитетски професор**



## ДОНЕВ: ЗА МАКЕДОНИЈА МОЖАТ ДА СЕ ГРИЖАТ САМО ПАТРИОТИ, А ТАКВИ ВО МОМЕНТОВ ВО ОВАА ВЛАДЕЈАЧКА ГАРНИТУРА НЕМА!

Земја што не се почитува самата себе, не може да биде почитувана од страна на други држави. Во изминативе години оваа владејачка гарнитура, преку промената на името, договорот со Бугарија, како и непостоењето на конзистентна внатрешна политика кон националните малцинства, јасно покажа дека не е на нивото на државите од цивилизираниот 21. век, вели Јован Донев, поранешен амбасадор на Македонија во Велика Британија и универзитетски професор, во интервју за ,,Магазин за туризам и менаџмент“. Во Македонија, политиката ги изостави здравството, образованието, а сега почнува да ја изоставува и економијата. Да зборуваат за туризмот, за археологијата и слично, и да работат на соодветни стратегии во овие области, можат само политичари што ја познаваат и ја сакаат Македонија.



**Неодамна пристигна нов извештај од Стејт департментот за Македонија, во кој се нотира сериозна владина корупција, неефикасни судови и долготрајна правда. Колку е отсликана реалната состојба на македонскиот правосуден систем во нашата држава?**

Слободно може да се каже дека извештајот во голем обем ја отсликува реалната состојба. Тоа што недостига во него, а е еден од поголемите генератори на корупцијата е прашањето на политичкиот патронизам, а кој е присутен во секој сегмент на македонското општество. Во таа смисла Македонија прилега на феудална држава, со таа разлика што во феудалните држави социјалната позиција на секој еден зависи од неговото потекло, а во Македонија, од блискоста до одредена политичка партија. Кажано поедноставно, во Македонија не постои мерит-систем!

**Промената на уставот, на што е принудена Македонија со условот од Францускиот предлог за внесување на Бугарите во Уставот,  отвори многу дилеми, но и видливо незадоволство кај граѓаните. Со надворешниот притисок од меѓународната заедница, но и од страна на Софија, изгледа дека Македонија нема право да искаже свој став. Колку сме, всушност, во позиција да реагираме поинаку и дали постои можност во оваа фаза власта да направи поинакви чекори, кои ќе бидат од полза на Македонија?**

Тезата дека Македонија нема право да искаже свој став е погрешна. Македонија, попрецизно Владата на премиерот Заев самостојно и доброволно прифати да потпише договор кој е целосно нерамноправен и на штета на Македонија. Народот не случајно вели „брза кучка слепи кучиња раѓа“.

Од моментот на потпишувањето на овој договор, ратификуван во македонското Собрание, од нас се очекува тој да се имплементира. Доколку тоа не се стори, сосема нормално, по барање на Бугарија, големите сили, поточно Франција и Германија излегоа со свои предлози. Во крајна линија, и тоа не треба да се разбере како лоша опција. Лоша опција е доброволното прифаќање од македонската страна Бугарите да влезат во Уставот. Всушност, тоа што треба македонската јавност да го знае е фактот дека оваа македонска власт, се откажува од сите македонски национални интереси само и само за да успее да ги започне преговорите со Европската Унија, сметајќи дека на тој начин ќе успее да остане на власт.

**Колку би помогнал Хрватскиот модел за промена на уставот за Македонија? И зошто зборот ,,малцинство“ наеднаш стана навреда?**

Хрватскиот модел е неприфатлив за владејачката коалиција. Албанските политички партии, не само тие од коалицијата

со СДСМ, се залагаат Македонија да стане двонационална држава. Од тие причини, министерот за надворешни работи и ги прифати барањата за внесување на Бугарите во уставот, а збор не кажа за правата на македонското малцинство во Бугарија. Во овој момент, албанските политички партии, одработувајќи за пан-албанската идеја се најголемите кочничари за изградба на „една држава, една нација“, во која граѓаните, без оглед на својата етничка или религиска припадност ќе станат вистински носители на суверенитетот, а колективните права на малцинствата ќе бидат уставно загарантирани.

**Колку уставните измени и останатите политички одлуки во изминатиот период го поделија општество уште повеќе од претходно?**

Македонија е целосно поделена по македонско-албанската етничка линија. Заслуга за тоа имаат сите тие кои владееја со Македонија изминативе дваесетина години. Нефункционирањето на парламентарната демократија во нејзината изворна варијанта придонесе клучните одлуки, наместо граѓаните преку нивните претставници во Собранието, да ги носат врвовите на владејачките политички партии кои се на власт и во коалиција, а за нив власта е многу послатка отколку иднината и благосостојбата на Македонија.

**Коридорот 8 со свечени говори и церемонија, стартуваше со изградба. Владата се пофали дека ова е еден од стратешките проекти, како дел од Коридорот „Западен Балкан - Источен Медитеран“ за нашата земја. Но, има големи сомнежи, бидејќи се најавува изградба на автопат, за кој не се открива проектот. Власта тврди дека ова е геостратешки проект и е од големо значење за нашата земја. Дали е ова една прашина фрлена во очите на јавноста? И колку ќе доведе навистина до посилен Балкан?**

Секој автопат што ќе се изгради е придонес за благосостојбата на луѓето кои ги поврзува. Тука нема ништо спорно! Спорно е што не може држава кандидат за Европската Унија да потпишува договор за градење кој е спротивен на Уставот на Македонија, но и на европските стандарди. Не може да се гради автопат без претходно да се евалуира проектот, од сите можни аспекти. Не би ги споменувал прашањата за работната недела или за експропријацијата, тие се присутни веќе во јавноста, но што е со прашањата на екологијата, биодиверзитетот и слично. Тоа се, за мене, многу суштински прашања за кои мора експертската јавност да се изјасни. За жал таа тоа не може да го направи бидејќи нема проект. И што понатаму да се каже? За каков посилен Балкан зборуваме ако нанесеме непоправлива штета на природата и животинскиот свет?

**Дали ќе ја доведат земјата до влез во ЕУ кој било од досегашните политички чекори, вклучувајќи ги последните? Или очекувате дека наскоро ќе има и нов услов?**

Влезот на Македонија во ЕУ најмалку зависи од внесувањето на Бугарите во Уставот. Бугарија и понатаму ќе го блокира патот сè додека не се исполни нивниот главен услов. Историско оправдување на традиционалната големобугарска политика кон Македонија. Сепак, за волја на вистината, влезот во ЕУ ќе зависи од нашата подготвеност да преземеме драстични и болни реформи во речиси сите области на живеењето, а пред сè од деполитизацијата на јавната администрација, судството, полицијата, здравството, образованието и науката. Доколку ова не се случи, секогаш ќе имаме држави-членки на ЕУ кои ќе ставаат вето. Последно, но исклучително важно, е ставот на германската влада, која јасно кажа дека нема проширување на ЕУ доколку не се смени начинот на донесување на одлуките во Европскиот Совет. Прашање кое директно задира во суверенитетот на сите земји-членки на Унијата. Тоа нема да оди така лесно, посебно ако се семе предвид досегашниот



Јован Донев, поранешен амбасадор на Македонија во Велика Британија и универзитетски професор.

тренд на наплив на крајно десничарските партии во земјите членки на Унијата.

**Колку е Македонија почитувана од страна на странските земји? Кои според вас се најголемите пријатели на нашата земја?**

Земја која не се почитува самата себе, не може да биде почитувана од страна на други држави. Во изминативе години, оваа владејачка гарнитура, преку промената на името, договорот со Бугарија, како и непостоењето на конзистентна внатрешна политика кон националните малцинства, јасно покажа дека не е на нивото на државите од цивилизираниот 21. век. Од самото тоа јасно произлегува дека останатите држави од оваа група нема да ве почитуваат, но тоа јавно нема да го кажат.

**Идната година следат нови претседателски избори во Соединетите Американски избори. Актуелниот претседател Џозеф Бајден, веќе ја најави својата повторна кандидатура. Дали очекувате овие избори да бидат од големо значење за Македонија?**

Изборите во САД можат да имаат одредено влијание врз Македонија, доколку таа е суверена држава. За жал таа тоа не е. Владејачката коалиција ја претвори во целосен вазал на САД, прифаќајќи да ги реализираме нивните краткорочни интереси на сметка на нашите долгорочни. За возврат, таквата политика на САД ја претворија Македонија во држава на мафијата. Владејачката гарнитура, прифаќајќи ги сугестиите на САД, истовремено ги наплаќаше своите услуги преку криминал и корупција, знаејќи дека Вашингтон нема да преземе санкции кон нив или да им ја откаже поддршката. Американската амбасадорка, со право, сега се обидува да ги врати работите во нормала, но се плашам, дека е предоцна. И да додадам уште нешто во врска со вашето прашање. Изборите во САД ќе бидат во ноември следната година. Дотогаш многу работи ќе се сменат во и околу Украина. Резултатот од таа војна ќе има сериозни геополитички импликации за целиот свет, а со тоа и за Македонија.

**Дали и колку во меѓувреме со сите активности и одлуки во политиката, ги изоставивме убавината на Македонија, туризмот, археологијата, а и економијата, а со тоа го губиме и нашето богатство?**

Во Македонија, политиката ги изостави здравството, образованието, а сега почнува да ја изоставува и економијата. Зар мислите дека оваа Влада води сметка за туризмот, а со тоа и за промоција на македонското природно богатство и културното наследство? Да зборуваат за туризмот, за археологијата и да работат на соодветни стратегии во овие области, можат само политичари што ја познаваат и ја сакаат Македонија. За неа можат да се грижат само патриоти! Такви во моментов не можам да видам. За жал!

# ЌЕ СЕ УКИНЕ ЛИ ПОМЕСТУВАЊЕТО НА СТРЕЛКИТЕ НА ЧАСОВНИКОТ?

На крајот на март, или поточно на 26 март, стрелките на часовникот уште еднаш се поместија за еден час нанапред, односно времето во 02 часот се смета како 03 часот. Ова уште еднаш ја покрена дебатата меѓу населението и бизнисот дали е ваквиот потег исправен. Анализи има многу – и „за“ и „против“. Копјата се кршат околу тоа како влијаат ваквите потези врз здравјето на луѓето, нивната безбедност, способност за работа и комуникација. Во земјава, во изминативе години имаше бројни дискусии дали да се задржи летното сметање на времето, она кое важи во моментов. Бизнисот е категорично за тоа Владата да ги следи директивите на Европската Унија. Стопанствениците велат дека и онака во западноевропските држави луѓето одат подоцна на работа, па какви било промени во часовникот и тоа како може да ја наруши комуникацијата со трговските партнери во странство. Сепак, во продолжение да видиме какви се поединечните одлуки на некои држави кога е во прашање оваа тема.




**Најголем дел од државите го фаворизираат летното сметање на времето**
*Извор. wanted in rome*



## КАКВО СМЕТАЊЕ НА ВРЕМЕТО САКААТ ЛУЃЕТО?

Генералното мислење е дека луѓето се поделени во ставовите дали да се укине целосно поместувањето на стрелките на часовникот два пати годишно. Многумина се жалат на повремени здравствени проблеми во деновите по промената на времето. Несоница, влошување на хроничните болести, проблеми со спиењето кај бебињата, проблеми при учењето кај учениците и студентите итн. Оваа категорија сака целосно укинување на поместувањето на часовникот нанапред и наназад. Оние, пак, кои одат на работа подоцна, и тоа како сакаат да се задржи само летното сметање на времето. Од една страна стануваат и одат на работа кога сонцето е веќе изгреано, а од друга се стемнува подоцна, па имаат повеќе време попладне и навечер да поминуваат со семејството во прошетки при дневна светлина.

Истражувањата од 2020 година на професорката по неврологија и педијатрија на Универзитетот Вандербилт, Бет Ен Малоу покажале дека речиси една третина од Американците не се радуваат на поместување на часовниците двапати годишно, а речиси две третини посакуваат оваа долгогодишна практика целосно да се укине. Нешто повеќе од една петтина, 21 отсто, велат дека промените на часовникот придонесуваат за намалена безбедност на улиците, односно ширење на криминалот, додека само 16 отсто од испитаниците не гледаат потреба да се укине практиката на поместување на часовникот.

Сепак, се чини дека последиците кои ги предизвикува поместувањето на стрелките на часовникот по здравјето на луѓето не се само привремени непријатности, туку тие можат и подолготрајно да го нарушат здравјето на населението. Истражувањето покажало дека поместувањето на часовниците нанапред во март предизвикува сериозни негативни здравствени последици, како на пример, зголемување на срцевите удари и лишување од сон кај тинејџерите. Ова е многу поизразено при воведувањето на летното сметање на времето. Есенското менување на часовникот не е толку многу поврзано со овие последици.

## АРГУМЕНТИ ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ НА ЗИМСКОТО И НА ЛЕТНОТО СМЕТАЊЕ НА ВРЕМЕТО

Поместувањето на времето за еден час нанапред или наназад за некого се чини иста постапка, но за многумина предизвикува различни промени.

Зимското време се чини е најблизу до „часовникот" на природата, односно обезбедува најблиску природна светлина, кога сонцето е директно над нас напладне. За време на летното сметање на времето, природната светлина се појавува еден час подоцна наутро и исчезнува еден час подоцна во вечерните часови, значи вештачки ја поместуваме природата еден час нанапред.

Утринската светлина е од суштинско значење за природниот ритам на телото и за вкупната благосостојба во текот на денот. Едноставно, светлината природно не буди, а не алармот на часовникот. Утринската светлина го подобрува и расположението. На пример, никој не се чувствува исто да оди на училиште или на работа во темница или пак кога е сонцето веќе изгреано и има природна светлина. Ефектот на светлината го зголемува нивото на кортизол, кој го подготвува телото да се справи со предизвиците на денот.

Освен тоа, при летното сметање на времето, природната светлина наутро ја нема, за сметка на еден дополнителен час светлина навечер. Учениците поради ова се лишени од сон, па можат да потфрлат на училиште, во спортските и во другите активности, а последици трпи и нивниот социјален живот. Со оглед на тоа што учениците пристигнуваат на училиште од 7:30 до 8 часот наутро, тоа значи дека од крајот на март, многу млади луѓе стануваат и патуваат во темница.

Токму поради овие причини, Американската медицинска асоцијација предложи трајно, преку целата година да се прифати зимското сметање на времето.

Најголемата предност на летното сметање на времето е тоа што обезбедува дополнителен час светлина доцна попладне или навечер, во зависност од годишното време. Тоа им овозможува на луѓето еден час повеќе за дополнителни активности кога ќе завршат со работа. Еден час повеќе за да поминат време со своите деца, за дополнителни активности, прошетки, курсеви, социјализирање со пријателите итн. Сепак, со оглед на тоа што затемнувањето доаѓа еден час подоцна, овој процес и тоа како влијае врз сонот на луѓето. Се одложува ослободувањето на мелатонин од мозокот, хормон кој е главен за предизвикување замор и овозможување побрзо заспивање.

## КАКО ВЛИЈАЕ ГЕОГРАФСКАТА ПОЛОЖБА?

Географијата може многу да влијае кога се менуваат стрелките на часовникот. При летното сметање на времето, оние што живеат на крајниот запад од една временска зона, добиваат повеќе светлина подоцна наутро и подоцна навечер. Тоа предизвикува нарушување на спиењето, па тие спијат помалку и повеќе страдаат од несоница споредено со оние на крајниот исток од истата временска зона. Тоа, пак, води до низа други здравствени проблеми, како дебелина, дијабетес, срцеви заболувања, рак на дојка. Сите овие проблеми се предизвикани од хроничното нарушување на сонот и неусогласеноста со принципот на природата, туку со часовникот.




**Многумина сметаат дека со летното сметање незначително се заштедува енергија.**
*Извор. InSpain.news*

## БИЗНИСОТ БАРА ДА СЕ ПОЧИТУВААТ ДИРЕКТИВИТЕ НА ЕУ

Бизнисот во Македонија е на цврст став – бара земјава да продолжи со летно и со зимско сметање на времето ако тоа продолжи и во Европската Унија или, пак, останување на летното сметање на времето, исто, само ако донесе Унијата таква одлука. Причината е што речиси целата меѓународна трговска размена е заснована на увоз и извоз со ЕУ. Германија е наш најголем трговски партнер. Со оглед на тоа што тамошното работно време секако почнува подоцна по 9 часот, а кај нас многу фирми и државни институции работат од 8:00 или од 8:30 часот, неусогласеноста при сметањето на времето може да доведе до тешкотии при закажување онлајн состаноци, одложување на плаќањата, трансакциите, договорите, и сето тоа поради разликата од час или два што би можела да се појави поради различните политики при сметањето на времето.

„Ако сакаме да бидеме дел од европската економска зона, тогаш апсолутно мора да ја следиме Европа во однос на часовите, односно сметањето на времето. Какво било поместување, па и од еден час, би нанело огромни штети. Ако не го менува Европа начинот на сметање на времето, не треба да го правиме тоа ниту ние. Не сме ниту Истанбул, ниту Пекинг, ниту Шангај. Напротив, мала земја сме и ако направиме какви било поместувања во однос на временската зона, ќе настанат сериозни нарушувања. Воопшто, за временската разлика нема ниту една оправдана причина, да ја следиме ЕУ што прави зашто сакаме да сме дел од европското семејство“, рече неодамна Трајан Ангелоски, претседател на Сојузот на стопански комори.

Во минатиот октомври, премиерот Ковачевски најави дека е сосема можно и сериозно се размислува Македонија конечно да го задржи само летното сметање на времето, односно стрелките на часовникот требаше да не се поместат во последната недела од октомври. МАНУ изработи студија, но крајната одлука на Министерството за економија беше да се задржи моменталната состојба со две промени годишно.

Од прикажаната пресметка за потребна топлина и од анализата на промените на надворешните температури на часовно ниво, беше воочено дека задржувањето на летното сметање на времето ќе предизвика зголемена потрошувачка на топлинска енергија од 1,5 до 3,5 проценти за грејната сезона. Со оглед на тоа што земјава беше во огромна енергетска криза, се чини оваа одлука беше и повеќе од оправдана.

Промената на времето во летно сметање треба да донесе заштеда на енергија во потоплите месеци. Предностите се дека поместувањето на стрелките за еден час нанапред ќе ја намали потрошувачката за осветлување. Но, според експертите, ефектите за заштедата на енергија би биле незабележителни.

## НИТУ ЕУ НЕМА ЦВРСТ СТАВ ОКОЛУ ОВА ПРАШАЊЕ

Пратениците на Европскиот парламент во март 2019 година донесоа одлука за укинување на сезонските промени на времето и им оставија простор на земјите-членки самите да одлучуваат. Тие дозволија последното заедничко поместување на часовникот на летно сметање на времето да се случи во последната недела од март 2021 година, а земјите-членки што сакаат да останат на зимското сметање на времето, требаше да се приспособат во последната недела од октомври 2021 година. Но, одлуката требаше да биде потврдена од Советот на министри на ЕУ, до што не дојде, па консензус меѓу членките нема.

Уште во 2018 година, Европската комисија спроведе онлајн анкета на која својот став го искажаа 4,6 милиони учесници. Мнозинството од нив побараа да се запре со промената на времето.

## ГРЕНЛАНД

Владата на Гренланд на крајот на март во 2023 година соопшти дека 56 илјади луѓе одлучиле последната промена на времето да биде направена овој март. Тоа значи дека земјата одлучила трајно да премине кон летното сметање на времето. За жителите во областите на островот кои се под арктичкиот круг, тоа ќе значи еден час светлина подоцна во текот на денот – иако како турист веројатно нема да ја забележите разликата со оглед на сезонските екстреми на изгрејсонце и на зајдисонце. Главниот град Нуук може да има и до 20 часа сончева светлина во лето, но во зима добива само околу четири часа сончева светлина.



**Гренланд трајно се префрли кон летно сметање на времето**
*Извор: nbc news*

Главниот аргумент на Гренланд во корист на промената е тоа дека промената е шанса да се биде поблиску до европското работно време, што ќе биде од корист за економијата, објаснува Тани Пор, шеф за меѓународни односи во „Визит Гренланд“.

## ГЕРМАНИЈА

Истражување на германската здравствена осигурителна куќа ДАК покажа дека дури 72 отсто од испитаниците се против промената на времето. Истражувањето на институтот „Форса“ покажува дека 24% од над 1.000 испитаници имале здравствени проблеми поради промената на сметањето на времето. Најчесто пријавени проблеми се замор и исцрпеност (85%), проблеми со спиењето (70%) и тешкотии во концентрацијата (48%). 12% од оние кои имале здравствени проблеми поради поместувањето на часовникот, изјавиле дека се во депресивна состојба.

Токму Германија за првпат го вовела летното сметање на времето во 1916 година, со цел работниот ден да се одвива што подолго додека има светлина. Требало да се заштедат јаглен и струја, а другите држави почнале да ја следат оваа практика. Токму Германија е најголем лобист да се задржи летното сметање на времето.



Полноќно сонце во Финска - северните земји немаат ќар од промената на времето.
*Извор: rez-photography.com*





## ФИНСКА

По бројните здравствени проблеми во најсеверната држава во Европа, Финска, тамошните власти беа првите кои го кренаа гласот во Унијата за да се напушти поместувањето на часовникот нанапред и наназад. Според нив, во најсеверните точки од земјата, има помалку од 6 часа дневна светлина во декември секоја година, па честите промени и тоа како влијаеле врз сонот и врз работоспособноста на населението. Финците имаат и дополнителен проблем, а тоа е што граничат токму со Русија, држава која одамна се откажа од заштедата на дневната светлина.

## ИСЛАНД, БЕЛОРУСИЈА, РУСИЈА, ЕРМЕНИЈА, ГРУЗИЈА

Исланд, Белорусија, Русија, Ерменија и Грузија одамна не ги поместуваат стрелките на часовникот. Островот од далечната 1968 година, Белорусија од 2010, а Русија од 2014 година. Главна причина зошто Исланд како држава се одлучила на овој чекор е тоа што за земјите во регионите на Арктикот, промената на времето навистина нема многу смисла бидејќи во пикот на летото и на зимата е тешко да се зборува за ден и ноќ. Русија се префрли на постојано зимско сметање на времето во 2014 година по неуспешниот експеримент да ги постави часовниците на целогодишно летно сметање на времето во 2011 година. Политиката предизвикала здравствени проблеми во северна Русија, каде што утрата биле значително потемни подолго време во зимските месеци.

## ФРАНЦИЈА

Да нема годишни промени на часовникот и повеќе дневна светлина во зимските вечери – вака се изјасниле француските испитаници во врска со дебатата за промена на часовникот во ЕУ. 84 отсто од вкупните 2,1 милиони испитаници рекле дека се за укинување на системот со кој часовниците се менуваат два пати годишно. Повеќето, исто така, се за префрлување на постојано летно сметање на времето со 59 проценти во споредба со 37 проценти во корист на задржување на зимското време.



**Италија, туризмот ќе трпел ако сонцето заоѓа порано.**
*Извор: gettyimages*





## ИТАЛИЈА

Во Италија се кршат копјата околу тоа дали да се прифати летното или зимското сметање на времето. Едни не сакаат да се будат во темница, додека други тврдат дека туризмот ќе трпи ако заоѓа сонцето порано. Додека дебатата трае, земјата два пати годишно ги поместува стрелките на часовникот. Тамошниот министер за еколошка транзиција Роберто Чинголани тврди дека сите членки на ЕУ треба да донесат заедничка, а не самостојна одлука. Во спротивно, тоа би можело да предизвика проблем поради можната разлика од дури два часа на границите меѓу две држави.

## ИРСКА

Некои држави би можеле да го имаат токму овој проблем на границите. На пример, Ирска. Откако Британија ја напушти Унијата, тамошните жители не се многу засегнати поради одлуката на Европскиот парламент. Но тоа не важи за нивните соседи Ирците, кои можат да бидат погодени од промената во сметањето на времето, особено комплицирајќи го поминувањето на границите кон Британија.

## ТУРЦИЈА

Турција редовно ги поместуваше стрелките на часовникот, се до 2016 година, кога трајно го воведе летното сметање на времето.

## САД

Во САД продолжува дебатата дали летното сметање на времето да остане преку целата година. Сенаторот од Флорида, Марко Рубио е главен иницијатор за додавање еден час светлина плус во текот на сите 365 дена во годината. Засега, тој има поддршка од околу 20-ина држави, но проблемот е што овие промени во САД е многу тешко да се направат бидејќи бараат неопходна промена на статутите на секоја сојузна држава одделно. Во САД, надвор од практиката за промена на сметањето на времето засега се само Хаваи и Аризона.



Јапонците стравуваат дека децата немало да учат ако денот е подолг.
*Извор: japan consulting office*

## ЈАПОНИЈА

Јапонија не ги поместува стрелките на часовникот уште од 1952 година. Не биле прифатени предлозите на Министерството за меѓународна трговија и индустрија да се воведе подолго дневна светлина за да се намали потрошувачката на енергија, поради противењето на земјоделците (премногу темно за работа) и Министерството за образование (подоцното заоѓање на сонцето ќе го намали интересот за учење).

## МЕКСИКО

Пред две години Мексико усвои постојано зимско сметање на времето, наведувајќи ги придобивките за здравјето, продуктивноста и нивото на енергија.

## КИНА

Огромната територија на Кина се наоѓа во една временска зона. Летното сметање траело кратко, од 1986 до 1991 година, по што се напуштило.

## ИНДИЈА

Индија не применува заштеда на дневна светлина од 1947 година. За време на Втората светска војна, кратко се вовело летното сметање на времето за да се заштеди енергија. Еден од аргументите зошто денеска ова е тешко остварливо е големината на државата. Цела територија на Индија е под една временска зона.

## БРАЗИЛ

Бразил е интересен случај. Во 10 од 26 федерални држави се применува летното сметање на времето. Летното сметање почнува во третата недела од октомври, а завршува во третата недела од февруари. Интересно е тоа дека оваа постапка се одложува за една седмица ако карневалот во Рио де Жанеиро се организира токму во тој период.

Во Бразил карневалот е поважен од тоа колку е часот.
*Извор: PBS News Hour*





Компарација



Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот Скопје.


Т ЗА ТУРИЗАМ
АЏМЕНТ
ОПЈЕ

# Superbrands

UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC